**Инструмент на Европската Унија за претпристапна помош – ИПА**

# ПРОЕКТИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ВКЛУЧЕНОСТ




Проектот го финансира Европската Унија

EU for YOU!

Наслов на оригиналот: Проекти за поттикнување на социјалната вклученост

Автор: Марија Маринаку/ Maria Marinakou

Издадено од: Конгресен сервисен центар, Скопје, 2017 година

Уредник: Зорица Теофилова

Лектор: Весна Костовска

Техничко уредување: Зоран М. Гулевски

Печати: Винсент Графика

ул. Благоја Стефковски бр.16,

1000 Скопје, Македонија

Тираж: 400

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352:364(497.7)

MARINAKOU, Maria

Проекти за поттикнување на социјалната вклученост / Марија Маринаку. - Скопје : Конгресен сервисен центар, 2017. - 131 стр. : граф. прикази ; 30 см

ISBN 978-608-4780-83-0

а) Локална самоуправа - Социјална заштита - Македонија б) Социјална инклузија
COBISS.MK-ID 105203722

## НАПОМЕНА

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на AECOM International Development Europe партнерите во неговиот конзорциум и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Скопје, ноември 2017



## г-а МИЛА ЦАРОВСКА, Министер за труд и социјална политика

„Социјалното вклучување и активацијата на граѓани кои се наоѓаат во социјален ризик и кои се најдалеку од пазарот на трудот беа во фокусот на проектите ко-финансирани од Европската Унија во рамки на претпристапната помош. Компонентата 4 на претпристапната помош „Развој на човечките ресурси“ во изминатите 5 години, преку многубројни активности, реализирани низ 48 грант проекти, создаде можности да се мотивираат над 2500 лица во социјален ризик, да ги подобрат своите вештини за вработување, да се вклучат во обуки за занимања, да се активираат, да стекнат работно искуство и работни вештини и да имаат полесен пристап до пазарот на трудот.

Би сакала да нагласам дека овие проекти особено придонесоа кон препознавање на важноста на „интеграцијата на пазарот на трудот“ во процесот на социјалното вклучување. Развојот и спроведувањето на модели прилагодени на потребите на лицата во социјален ризик со конкретни активности на локално ниво, а во соработка помеѓу главните актери од владиниот, граѓанскиот и приватниот сектор создаде скромна, но значајна базична инфраструктура за идна поддршка во активацијата на ранливите категории на граѓани на пазарот на труд и целокупниот процес на социјална инклузија и системот на социјална заштита
Благодарение на овие проекти реализирани од граѓанскиот сектор од нашата земја, организации од други земји членки на ЕУ и одреден број на јавни установи се формираа поголем број локални партнерства и се овозможи партиципативен пристап во обезбедување поддршка, мотивација, обуки и можности за учество на пазарот на труд. Овие организации и партнерства се пионери во имплементација на проекти за вработување и социјално вклучување во нашата земја по примерот на проектите што се финансираат од Европскиот социјален фонд во земјите членки на ЕУ. Долгорочно гледано, стекнатото искуство и градењето на локалните капацитети се база за креирање и имплементација на подобри и поефективни политики за вработување и социјална заштита, но и за поголемо искористување на европските фондови во решавањето на социјалните проблеми на нашите граѓани.

Несомнено, и покрај сите вложувања, реализирани активности, постигнати резултати и создавање добри примери, претстојат и идни предизвици. Со нив ќе се соочиме останувајќи доследни на стремежот да се постигне кохезија и да се применат европските начела на социјална инклузија. Ќе продолжиме со јакнење на капацитетите на недржавните даватели на услуги со цел да се овозможи нивно учество на пазарот на социјални услуги. Целта е системски да се воспостават и обезбедат високо квалитетни неинституционални услуги за социјална заштита и социјална инклузија, кои ќе одговорат на реалните потреби на граѓаните.“



**МИЛА ЦАРОВСКА,**
Министер за труд и социјална политика



## г. САМУЕЛ ЖБОГАР, Шеф на Делегацијата на Европската Унија

Помошта од ЕУ, што се дава во рамките на ИПА, има за цел да ѝ помогне на земјата да ги исполни планираните реформи неопходни за стекнување со членството во ЕУ. Ова издание се изготвува о цел подобро да се разбере помошта што ја обезбедува Европската Унија. Во него се прикажани некои од проектите, нивните цели и очекувани резултати, кои ќе придонесат за подобрување на социјалната вклученост во земјата. Секој од прикажаните проекти или области на помош е придружен со потребните технички детали и резултати со кои им се даваат подобри можности за жените во неповолна положба, за лицата со попреченост, за Ромите како и за другите маргинализирани заедници во општеството. Се надеваме дека ова издание ќе Ви помогне да го подобрите своето знаење конкретни и општи проблематики поврзани со ЕУ како и за конкретната поддршка што им се пружа на граѓаните во оваа земја на нејзиниот пат кон ЕУ интеграција.



**САМУЕЛ ЖБОГАР,**
Шеф на Делегацијата на Европската Унија

## Предговор

Целта на оваа брошура е да овозможи јасно разбирање на целите, активностите, резултатите и постигнувањата на проектите што ги финансира Европската Унија во рамките на грантовата програма „Поттикнување на социјална инклузија“ и грантовата програма „Промовирање на социјалната инклузија на локално ниво“ во рамки на ИПА компонентата IV – Развој на човекови ресурси 2007-2013 година.

Во рамките на овие две грантови програми се спроведоа **38 проекти** од **90 различни организации** (66 во грантовата програма „Поттикнување на социјална инклузија“ и 24 во грантовата програма „Промовирање на социјалната инклузија на локално ниво“), главно НВО (75%) и јавни установи (25%). Од овие 90 организации, 72 се домашни, а 18 меѓународни.

**Географската разместеност** на грантовата програма „Поттикнување на социјалната инклузија“ упатува на тоа дека од 66 организации, 30 се наоѓаат во Скопје, 25 во другите делови од земјата, а 11 се странски организации. Во рамките на грантовата програма „Промовирање на социјалната инклузија на локално ниво“, од вкупно 32 организации (8 учествуваа во двете грантови програми) 5 се наоѓаат надвор од Скопје. На следната карта со сини ѕвездички се означени лидерските организации, а пак со зелени ѕвездички се означени коапликантите.




Грантистите од грантовата програма „Поттикнување на социјална инклузија“ добија поддршка од Проектот за техничка помош, заедно со Оперативната структура за ИПА во Министерството за труд и социјална политика. Проектот за техничка помош, кој во повеќе детали е претставен на крајот од брошурата, понуди обуки и семинари за управување со грантови и пишување извештаи, вклучително и обуки и мониторинг на работното место. Во рамките на Договорниот орган при Министерството за финансии се спроведе проект за дополнителна техничка помош ориентиран кон финансиските аспекти на грантовата програма.

Како што е претставено во брошурата, спроведувањето на 38-те грантови проекти даде значајни резултати и долгорочни влијанија. Во двете грантови програми заедно:

Вкупно **2.299 лица учествуваа во обуки за меки вештини**, 715 од етничките заедници – главно од ромското население и главно жени; 350 беа лица со попреченост; а меѓу другите беа и 290 млади лица под социјален ризик со ниско ниво на вештини; долгорочно невработени; жртви на семејно насилство; самохрани родители, главно мајки; затвореници; рурално население, деловни субјекти, јавни установи (ЦСР, ЗСД, АВРМ), единици на локална самоуправа, невладини организации (ЈУ, ЕЛС, НВО).

**Вкупен број на лица кои посетувале обуки за меки вештини**




Над **2.225 лица беа вклучени во обуки за различни стручни вештини**, се стекнаа со знаење, искуство и квалификации што ќе им овозможат влез на пазарот на трудот. 683 беа жени Ромки и од другите етнички заедници (важно е да се спомне дека 16 од 38 проекти беа насочени посебно на ромската заедница), 647 лица со попреченост и 464 невработени млади лица со ризик од сиромаштија и исклучување.

**Вкупен број на лица кои посетувале стручни обуки**



**Се организираа 200 курсеви и се разработија 45 модули за обука,** кои овозможуваат стабилна основа за квалификување и преквалификување на ранливите групи кои се соочуваат со маргинализација и со бројни препреки и опасности во нивните напори да влезат на пазарот на трудот.

38-те грантови проекти користеа многу различни методи и алатки за обезбедување на вештините и унапредување на вработливоста на своите целни групи. Покрај обуките за меки вештини и стручните обуки, тие исто така им овозможија на 687 лица да влезат во програми за менторство, стажантство, практикантство и обуки на работното место, во кои главната група беа 187 жени Ромки и од другите етнички малцинства, 153 лица со попреченост и 157 невработени млади со ризик од сиромаштија или исклучување.

**Вкупен број на лица кои биле примени на менторство / стажирање / пракса / обука на работното место**




**Веќе се обезбедени 128 работни места**, а се очекуваат и повеќе бидејќи грантовата програма „Поттикнување на социјална инклузија на локално ниво“ трае до декември 2017 година. На значителен дел од 2.200-те корисници на грантовите проекти што учествуваа во обуките за меки вештини и во стручните обуки, им беше помогнато да аплицираат за активните мерки за вработување во рамките на Агенцијата за вработување, со што во блиска иднина ќе се обезбедат уште нови работни места.

**Вкупен број на лица кои се вработиле**



Во секој случај, заедно со одржување на нивните услуги, проектите продолжуваат со нивните напори за подобрување на можностите за вработување.

**Се изготвија 480 лични планови за самовработување/ кариера/ бизнис за корисниците** (поединци и локални власти), а со помош на социјалните работници и експертите што работат во 90-те организации што ги спроведуваа проектите.

Вкупно **129 лица беа обучени за обучувачи**, а се објавија **53 студии**. Се организираа над **65 почетни настани и завршни конференции**.

Повеќе од значајните резултати што се претставени во оваа брошура, повеќе од показателите, додадената вредност и долгорочните влијанија што ги постигнаа овие 38 проекти се реалните лични искуства за променетите животи, за кои **сведочат изјавите на корисниците на проектот и засегнатите страни.**

Токму со нивните зборови и активности се мери реалната вредност на претставените проекти.

Едно од многуте сведоштва на корисниците од овие проекти ја пренесува моќната слика за постигнатите животни промени:

*„Јас сум самохран родител на две малолетни деца, на возраст од пет и седум години. Најтешката одлука во мојот живот беше да се откажам од грижата за моите деца, и поради тешката економска состојба морав да ги сместам во организацијата „СОС Детско село“ за тие да се грижат за нив.*

*Овој проект ми помогна да го вратам старателството над своите деца и да ги вклучам во образовниот систем, да следат редовна настава. Вториот клучен чекор што го направив за подобрување на мојот живот беше одлуката самостојно да работам и да се образувам, за да ги зајакнам моите можности за вработување. За таа цел, се приклучив на циклусот обуки што ги нуди овој проект. Оваа можност ми беше толку важна, така што јас се однесував позитивно и се стекнав со самодоверба. Во втората фаза, јас добив можност за обука на работно место/практикантство како молер. Директорот на фирмата беше повеќе од задоволен со моето работење и односот кон работата. Токму затоа, по завршување на обуката, ми понуди работа, како редовен молер.*

*На крајот, благодарејќи на можноста што ми беше укажана, мојата тажна животна приказна се претвори во среќен почеток, приказна полна со перспективи, која е вредна да се живее и за која вреди да се живее. Успеав да создадам една нова, моја надежна, животна приказна што ветува подобри животни услови за мене и за моите деца.”*

(Фадиљ Емин, корисник на проект *)

Марија Маринаку

Тим лидер / Виш експерт

Проект „Техничка помош во управување и мониторирање на проекти од грантовата програма ’Поттикнување на социјална инклузија’”

# Потикнување на социјалната инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот

# ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**ИД бр. на повикот:** EuropeAid/135-012/M/ACT/MK

**Број на договор.:** 12-9124/1

**Времетраење:** 20 месеци

**Период:** 14.12.2015 – 14.08.2017

**Област на политики:** Социјална инклузија
**Подобласт на политики:** Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот
**Буџет:** 199.990.32 ЕУР
**Придонес од ЕУ:** 189.990.32 ЕУР

## СЕВКУПНА ЦЕЛ:

***Придонесување за зголемување на учеството на лицата изложени на ризик и лицата коишто се социјално исклучени од пазарот на трудот за намалување на стапката на невработеност во Македонија.***

## СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ:

***Промовирање услови и можности за вработување на:***

- ***Лица изложени на социјален ризик, и***
- ***Долгорочно невработени.***

## ЦЕЛНА ГРУПА/ КОРИСНИЦИ:

***35 лица изложени на социјален ризик и долгорочно невработени.***

## ЛОКАЦИЈА

***Скопските општини Ѓорче Петров, Гази Баба и Кисела Вода.***



***1. Обезбедување психолошка поддршка; 2. Работилница за меки вештини; 3. Гешталт психотерапија;***

## РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

1. *Унапредени капацитети за личен развој и развој на корисниците на социјална помош:*
- *Избор на корисници, работилници за унапредување на социјалните вештини, индивидуални акциски планови, гешталт психо терапии.*
2. *Корисниците на социјална помош развија професионални вештини и знаења:*
- *Работилници со корисниците, посета од занаетчии, избор и обука за занаети, работилница со членовите од Занаетчиската комора.*
3. *Зголемена поддршка за семејствата за активно вклучување на корисниците во процесот:*
- *Работилница со тимовите социјални работници, обезбедување социјални услуги за семејствата.*
4. *Подобрена соработка меѓу Црвениот крст, владините институции, локалната самоуправа и граѓанскиот и занаетчискиот сектор во областа на промовирање на социјалното вклучување на корисниците на пазарот на трудот:*
- *Први состаноци со локалните чинители, јавни тркалезни маси, завршна работилница.*



*1 и 2 Фотографии од првата средба со корисниците; 3 Работилница со членовите од Занаетчиската комора;*
*4 Обука за безбедност и здравје при работа; 5 Следење на обуката за занаети – готвач; 6 Завршна работилница*

## КЛУЧНИ ИСХОДИ/РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ:

*Леток за промоција на спроведените активности во рамките на проектот.*
*http://ckrm.org.mk/publikacii-cat/edu-info-materijali/ (македонски јазик)*
*http://ckrm.org.mk/al/publikacii-cat/material-edukativo-informativ/ (албански јазик)*

## КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

1. 35 лица во социјален ризик со статус долгорочно невработени од Гази Баба, Кисела Вода и Ѓорче Петров беа корисници на обуки за јакнење на нивните капацитети за подобра конкурентност на пазарот на трудот.

Цел: 40. Реализација: 35 (85.5%)

2. 48 лица во социјален ризик со статус долгорочно невработени од Гази Баба, Кисела Вода, и Ѓорче Петров се стекнаа со социјални вештини.

Цел: 40. Реализација: 48 (120%)

3. 35 лица со социјален ризик со статус долгорочно невработени од Гази Баба, Кисела Вода и Ѓорче Петров добија поддршка со Гешталт терапија.

Цел:40, Реализација: 33 (82.5%)

4. Реализирани психолошки и социјални услуги за 35 семејства на корисници од Гази Баба, Кисела Вода и Ѓорче Петров.

Цел: 40, Реализација: 35 (85.5%)

5. На третата тркалезна маса учествуваа 70 учесници и се дискутираше на темата „Можности за вработување и предизвиците за вработување на ранлива категорија луѓе“.

Цел: 100, реализација: 70 (70%)

# ОДРЖЛИВОСТ:

1. Со поддршка од Европската унија се предвидуваат последователни активности во неколку насоки. Многу важен дел е дека локалниот координатор и тимот социјални работници од Црвениот крст во Скопје ќе продолжат да работат за поддршка на корисниците, која ќе вклучува редовни средби, проследување на преземените активности содржани во индивидуалниот кариерен план, давање совети и информации за спроведување на кариерниот план и целата потребна помош што ќе им биде потребна за успешно вработување.
2. Исто така, тие ќе работат на проект за работно интегрирање на бездомниците кој ќе биде поддржан од Министерството за труд и социјална политика. Овој проект ќе ја измери вработливоста и подготвеноста за промени на корисниците во Центарот за бездомни лица „Чичино село“ и тоа ќе биде основа за создавање програми за работна интеграција на оваа целна група.
3. Тимот ќе работи на отворање „Работилница за половна облека“ како социјално претпријатие во кое ќе работат двајца шивачи што го завршиле курсот за шиење спроведен во рамките на овој проект. Овие луѓе на овој начин ќе можат практично да се усовршуваат преку активности на шивачка поправка на облека и рециклирање на облека.

*„Еден од клучните проблеми што ги адресираше проектот беше премостување на бариерите од стигматизацијата и предрасудите со кои се соочуваат ранливите групи кога ќе побараат обуки или услуги за вработување“.*

*(Корнелија Чипушева Спасовска, соработник во проектот*

*Раководител на проект во СОС Детско село Македонија)*



*„Во текот на работилниците за личен раст и развој, заедно со обуката за пекари, јас станав целосно друг човек.Одговорна за работното место, сигурна, комуникативна.Сега се чувствувам похрабра од периодот пред да барам работа, кога се плашев од неуспех.Сега сум сигурна:Можам да бидам успешен човек“.*

(Каролина Здравковска, пекар).

***Се организираа три тркалезни маси во општините Ѓорче Петров, Кисела Вода и Гази Баба, со цел споделување на резултатите од проектот и разговор за промовирање на условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста на лицата од социјално ранливи семејства.***

*КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ*

**Црвен крст на Македонија**

Кочо Рацин 13, 1000 Скопје, Македонија
+389 2 311-4355
www.redcross.org.mk

*ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗИЦИЈА:*

**Занаетчиска комора – Скопје**

Битпазарска12, 1000 Скопје, Македонија

*КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ:*

*WWW.FACEBOOK.COM/CRVENKRSTNAREPUBLIKAMAKEDONIJA/*
*TWITTER.COM/MACEDONIAN_RC*

# ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ

**ИД број на повикот.:** Europe Aid/135-012/M/ACT/MK

**Договор бр.:** 12-9138/1

**Времетраење:** 18 месеци

**период:** 14.12.2015 – 14.06.2017

**Област на политики:** Социјална инклузија

**Подобласт на политики:** Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот

**Буџет:** 153.776,78 ЕУР

**Придонес од ЕУ:** 146.057,19 ЕУР

## СЕВКУПНА ЦЕЛ:

*Да се зголеми вработливоста на лицата во понеповолна положба за да се олесни нивната социјална интеграција и пристапот до пазарот на труд.*

## Специфични цели:

1. *Да се подобрат вештините и компетенциите за вработување на лицата во понеповолна положба што ќе доведе до одржливо вработување;*
2. *Да се поттикне активирање на пазарот на труд преку промовирање на поединечните патеки кон вработување;*
3. *Да се зголеми учеството на лицата со попреченост на пазарот на труд*

## ЦЕЛНА ГРУПА / КОРИСНИЦИ:

*Социјално маргинализирани, невработени лица од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени*

*Локалната самоуправа, Агенцијата за вработување, Бизнис секторот, населението од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени*

## ЛОКАЦИЈА

*Општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени.*





*1. Обука за меки вештини и методи за барање работа; 2. Стручна обука за возачи на транспортни возила.*

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

1. *61 лице од ранливата категорија имаше можност да ги развие своите професионални вештини и вештините за барање работа:*
   - *Се организираше прв настан, 3 посети на терен и 8 јавни презентации за да се претстави целта и намерата на проектот пред општата јавност и целната група,*
   - *Се развија критериуми и се отвори повик за апликации преку регионалните веб портали, ФБ групи, постери, летоци и брошури, за да се допре до што е можно повеќе млади лица,*
   - *Модул, се испечатија прирачници и успешно се реализираа 3 циклуси обуки за меки вештини кои им овозможија на 61 лице да ги развијат своите професионални вештини и вештините за барање работа*
2. *50 лица завршија стручна обука за возачи, а 7 стручна обука за возачи на транспортни возила. Речиси 75% од нив се стекнаа со возачка дозвола или стигнаа до завршниот возачки испит до крајот на проектот*
3. *Се направи една интернет страница, се овозможи функционалност и оперативност на 1 регионален центар и истиот се опреми за професионална поддршка и пристап на пазарот на трудот, со цел промоција на индивидуалните патишта до вработување преку градење локални капацитети за помош при барање работа и кариерно насочување*
4. *Се вработи 21 лице*
5. *Се посетија 33 претпријатија во Прилеп, Битола, Долнени и Кривогаштани, се организираа 3 бизнис форуми, се објави прирачник со конечните резултати и се организираше завршна конференција*






*1. Промоција на можноста за обука пред целната група; 2. Лица што посетуваа обука за меки вештини/вештини за вработливост; 3. Давање индивидуална помош за процесите на барање работа (бизнис форум); 4. Стручна обука за возачи на транспортни возила..*

# КЛУЧНИ ИСХОДИ/РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ:

1. *Промотивни материјали (летоци, постери, брошура)*
2. *Образовни материјали (прирачник за работна подготвеност)*
3. *3 идентични 7 дневни обуки за вештини за барање работа*
4. *Стручна обука за возачи и возачи на транспортни возила*
5. *Индивидуално кариерно насочување за лицата од ранливата категорија*
6. *3 бизнис форуми*
7. *Еден настан за почнување на проектот*
8. *Еден настан за промоција на резултатите и методологијата пред општата јавност*

# КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

1. *60 избрани лица ќе положат стручна обука за возачка дозвола и капацитети за меки вештини во текот на спроведувањето на проектот*
   - *Реализација: 57 (95%) успешно ја завршија обуката, 42 (70%) успеаја да дојдат до завршниот возачки испит, а 7 (11,6%) се стекнаа со возачка дозвола до крајниот датум на проектот (поголемиот дел од останатите се стекнаа со возачка дозвола за еден месец по завршување на проектот)*
2. *30 лица се вработија како резултат од спроведување на проектот.*
   - *Реализација: 21 (70%) се вработија*
3. *Отворен 1 центар за советување и кариерно насочување за лицата од ранливата категорија, кој функционира во рамките на Центарот за социјална работа Прилеп.*
   - *Реализација: 1 (100%) реализација*
4. *Се направи 1 специјализирана интернет страница со социјални мрежи и други страници корисни за барателите на работа и лицата од ранливата категорија, која е ставена во функција.*
   - *Реализација: 1 (100%) реализација*

# ОДРЖЛИВОСТ:

1. ***На ниво на политика, спроведувањето на овој проект отвори врата за подобрување на локалните општински стратегии за економски развој со елементи за лицата од ранливата категорија и позитивни практики за елиминација на предрасудите кон овие лица.***



***Завршна конференција во Прилеп за презентација на резултатите од проектот, дисеминација на исходите од проектот и промоција на развиените модели.***

.

*„Такви средби се важни за нас како претпријатија. Непосредната и опуштена комуникација ни овозможува да ги видиме нашите потенцијални вработени во друго светло, можност што не се остварува преку редовните интервјуа.Ве охрабрувам да продолжите со работа во оваа насока и да користите слични методи за поддршка на младите од руралните области, кои, за жал, имаат помалку можности на пазарот на трудот“.*

(Панде Илиеска, LLC BimFood Прилеп)

*„Стекнав поголема самодоверба со обуката. Понеделникот, имав трема, не се чувствував добро и повраќав, мислам дека научив многу“.*

(Христијан Ермановски, учесник во проектот)

*„Живеам во село Крушеани. Добивањето возачка дозвола за мене значи дека нема да бидам зависна од јавен превоз кој не е редовен, а ако се вработам, ќе можам удобно да патувам до работното место“.*

(Марина Приденкоска, учесник во проектот)

***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

***ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Прилеп***
***Ул. Стеван Апостолоски 17, 7500 Прилеп, Македонија***
***+389 48 421-702***

***КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ:***

***www.rei.mk/***
***www.facebook.com/reiprilep***

***Партнерска организација:***

**Младински културен центар – Битола**
Ул. Цар Самуил 29, 7000 Битола, Македонија
+389 47 233-020
www.mkcbt@t.mk
www.facebook.com/mkcbt/
@mkcbt
#mkcbitola
Mkcbitola (Instagram)

YOUTHCULTURALCENTER BITOLA

# СОЗДАВАЊЕ ПАТЕКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

**ИД број на повикот.:** EuropeAid 135012/M/ACT/MK

**Договор бр.:** 12-9139/1

**Времетраење:** 20 месеци

**Период:** 15/12/2015 – 14/08/2017

**Област на политики:** *Социјална инклузија*

**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот*

**Буџет:** *160.161,63 ЕУР (процена)*

**Придонес од ЕУ:** *152.153,55 EUR (процена)*

## Севкупна цел:

*Да се олесни вклученоста на пазарот на труд за младите лица од руралните и оддалечени места од североисточниот регион од Македонија*

## Специфични цели:

1. *Да се подобрат вештините и разбирањето на вработливоста кај младите од руралните средини*
2. *Да се изгради регионален систем за развој на работна сила*
3. *Да се изготви регионална стратегија за социјална и инклузија на пазарот на труд на целните групи*

## Целна група /Корисници:

1. *Невработени млади лица (на возраст од 20-39 години), коишто живеат во рурални области во североисточниот регион*
2. *Центар за североисточниот плански регион*
3. *Општини: Куманово, Кратово, Крива паланка, Старо Нагоричане, Липково и Ранковце*
4. *МЗШВ, МТСП, АВРМ, МЛС; граѓански сектор од североисточниот регион*

## Местоположба на активноста:

*Општини: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Старо Нагоричане, Липково и Ранковце*



*Практично распоредување на учесниците во обукатаво 1. ТВ Медиум Крива Паланка; 2. Клуб за вработување Липково; и 3.Осигурително друштво Куманово.*

CREATING EMPLOYMENT PATHWAYS FOR RURAL YOUTH

## Резултати и спроведени активности:

- *Дефинирана неусогласеност меѓу потребите на пазарот на трудот и постоечките вештини и можности за „спојување на работодавач со барател на работа" меѓу работодавачите и младите од руралните области како потенцијални вработени:*
    - *Истражување на пазарот на трудот во регионот,*
    - *Профилирање на карактеристиките на целната група.*
- *Дефиниран систем за личен развој на вештини, преку работни клубови, како пилот форма; спроведени обуки за конкретни сегменти од целната група (120 лица); понудена програма за практикантство (45 поединци) и обезбедено привремено вработување (36 лица):*
    - *Воспоставени 3 работни клубови,*
    - *Спроведување обука,*
    - *Практични обуки во бизнис секторот,*
    - *Понуда на привремени вработувања во работните клубови.*
- *Воспоставена група за поддршка на работната сила (ПРС) и развиена стратегија и акциски план:*
    - *Воспоставување на регионална група за поддршка на работната сила,*
    - *Анализа на регионалната служба за социјална заштита, националните и локалните политики и олеснувања што се важни за потребите за вработување на целното население,*
    - *Развој на регионална стратегија и акциски план за социјална инклузија на младите од руралните области и нивно вклучување на пазарот на трудот.*
- *Зголемување на свеста кај целната група и другите чинители за мерките од Активноста и подигната јавна свест за потребата од социјална инклузија на младите преку вработување:*
    - *Три саеми на кариера за наоѓање вработувања,*
    - *Континуирана промоција.*
    - 
- *Прв резултат.*
    - *Прва активност.*
    - *Втора активност*
- *Втор резултат*
    - *Прва активност.*
    - *Втора активност*





*1. Бизнис сектор, локална власт и потенцијални кандидати за обука, Липково: 2. Обука за ефективна комуникација*

## Клучни исходи/реализирани цели:

1. *Анализа на пазарот на трудот, побарувачката на работна сила во североисточниот плански регион (ISBN 978-608-4731-24-5;http://cea.org.mk/analiza-na-pazarot-na-trud-pobaruvachka-na-rabotna-sila-vo-severoistochniot-planski-region)*
2. *Анализа на пазарот на трудот, невработени млади лица во североисточниот плански регион (ISBN 978-608-4731-24-5;http://cea.org.mk/istrazhuvane-na-pazarot-na-trud-mladite-nevraboteni-vo-severoistochniot-planski-region)*
3. *Преглед на политики за социјална инклузија на младите, со фокус на младите во североисточниот плански регион (ISBN 978-608-4731-26-9;http://cea.org.mk/analiza-i-pregled-na-politikite-za-sotsijalno-vkluchuvane-na-mladite)*

## Клучни показатели:

1. *Цел:120 невработени млади завршија обука.Реализација 116, (97%)*
2. *Цел:45 невработени млади лица завршија тримесечна практична работа во претпријатија.Реализација: 45, (100%)*
3. *Цел:36 невработени млади лица учествуваа во двомесечна обука во работни клубови.Реализација: 48, (133%)*
4. *Цел:3 отворени и функционални работни клубови, обучен персонал за услугите на центарот.Реализација: 3, (100%)*
5. *Воспоставена 1 група за поддршка на работна сила.Реализација: 1, (100%)*
6. *Развиена стратегија и акциски план за социјална инклузија на младите од руралните области и нивно вклучување на пазарот на трудот.Реализација: 1, (100%).*

CREATING EMPLOYMENT PATHWAYS FOR RURAL YOUTH

# Одржливост:

1. ***Регионален стратешки документ, кој може да се користи од различни чинители***
2. ***Трансфер на опрема за понатамошно користење во три од шест општини***
3. ***Континуирани активности за унапредување на вработливоста на различни целни групи***



***Заедничко планирање од засегнатите страни за подобра регионална вработливост.***

*„Општина Липково е соочена со стапка на невработеност од околу 80%, така што активностите што ги презема ЦЕА и ФФРМ се од голема важност за младите...Проектот им овозможува на младите понатамошно образование, интеграција и практична работа, со цел подобрени можности за вработување и зголемување на нивото на тековниот низок стандард на живот во општината“.*

(Диџе Арифи ЛЕД координатор, општина Липково, локален корисник на проектните активности)

*„Би сакал да нагласам и да укажам дека практиканството што ќе се спроведе во Работниот клуб во општината нема да биде само формалност, туку максимално ќе се искористи од страна на младите невработени лица, за кои од исклучителна важност е искуството и практичните вештини“.*

(Милован Стојковски, градоначалник на Старо Нагоричане)

*„Сакам да нагласам дека јас се чувствувам привилегиран што бев дел од работниот клуб во општина Липково. Проектот овозможи менторирање на 6 групи практичари во општината и над 15 практиканти поврзани со релевантните бизниси... практикантите беа активни цело време и постојано се збогатуваа со нови знаења“*

*(Мухедин Абази, локален обучувач во Работен клуб, дел од проектот, врска со ЕЛС, Липково)*


***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

CEA Center for Economic Analyses

**Центар за економски анализи (ЦЕА) – Скопје**

Ул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје, Македонија

+389 2 244-4766

www.cea.org.mk

http://www.mkbudget.org/

www.facebook.com/ceaorgmk/

***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***

ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Федерација на фармерите на Република Македонија – Skopje**

Ул. Гиго Михаловски, 4-1/1, 1000 Скопје, Македонија

+389 2 305-0646

www.ffrm.org.mk

***КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ:***

www.facebook.com/sozdavanjemoznosti/

www.ffrm.org.mk

# ИНКЛУЗИЈА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ НА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ МЛАДИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН

**ИД број на повикот.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9142/1*

**Времетраење:** *15 месеци*

**Период:** *14.12.2015-14.03.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот*
**Буџет:** *143.965,29 ЕУР*
**Придонес од ЕУ:** *133.887,72 ЕУР*

## Севкупна цел:

*Поддршка за вклучување на пазарот на трудот на младите лица со ризик од социјална ексклузија од североисточниот регион на земјата*

## Специфични цели:

1. *Да им се овозможи на младите (на возраст од 18 до 30 години) со ризик од социјално исклучување да добијат сертифицирани вештини*
2. *Да им се овозможи на младите (на возраст од 18 до 30 години) со ризик од социјално исклучување да се стекнат со вештини за вработливост*
3. *Да им се помогне на младите (18-30г.) со ризик од социјално исклучување преку кариерно насочување и психосоцијално јакнење*
4. *Да им се помогне на младите (18-30г.) со ризик од социјално исклучување преку наоѓање соодветно вработување и организирање практикантство.*

## Целна група/ корисници:

*Млади лица со ризик од социјално исклучување кои живеат во североисточниот регион од земјата, вклучително лица со посебни потреби кои се способни за работа, како што се: поранешни зависници од дрога и алкохол, жртви на семејно насилство, млади престапници, млади луѓе кои предвремено го напуштиле образованието, млади со посебни потреби (лесни физички или ментални попречености) и млади лица без родителска грижа*

## Локација

*Општини:Куманово, Крива паланка, Липково, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане*







*1: Обука за вештини за вработливост; 2: Психосоцијално советување; 3: Обука за стручни вештини.*

## Резултати и спроведени активности:

1. *Да им се овозможи на младите (на возраст од 18 до 30 години) со ризик од социјално исклучување да добијат сертифицирани стручни вештини:*
    - *60 учесници вклучени во стручна обука,*
    - *2 групи на македонски јазик (17 учесници) за инсталатери и монтери за резиденцијални објекти,*
    - *3 групи за ракувачи на нумерички контролирани машини:2 групи на македонски јазик (19 учесници) и 1 група на албански јазик (24 учесници)*
2. *Да им се овозможи на младите (на возраст од 18 до 30 години) со ризик од социјално исклучување да се стекнат со вештини за вработливост:*
    - *60 учесници поминаа 12дневна обука за вештини за вработливост – евалуациите и извештаите покажуваат подобрени вештини за вработливост*
3. *Да им се помогне на младите (18-30г.) со ризик од социјално исклучување преку кариерно насочување и психосоцијално јакнење:*
    - *60 учесници поминаа 8 дневно кариерно советување и 8 дена психосоцијално советување*
4. *Да им се помогне на младите (18-30г.) со ризик од социјално исклучување преку наоѓање соодветно вработување и организирање практикантство:*
    - *Потпишаа договори со претпријатија за спроведување на практикантство*
    - *59 практикантства,*
    - *20 работни дена практична работа на учесниците,*
    - *По завршување на практиката, 2 учесници потпишаа договори за вработување.*



*1 и 2 Обука за стручни вештини; 3 и 4 Практиканство*

## КЛУЧНИ ИСХОДИ/РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ:

- *Реализација на обука за стручни вештини*
- *Реализација на курсеви за вработливост*
- *Реализација на кариерно советување и психосоцијално советување*
- *Организација и спроведување на практиканство*

## Клучни показатели:

1. *Број млади лица (18-30г.) со ризик од социјално исклучување кои добија обука за стручни вештини:*
    - *Цел: 60, Реализација 60 (100%)*
2. *Број млади лица (18-30г.) со ризик од социјално исклучување кои добија обука за стручни вештини:*
    - *Цел: 60, Реализација 60 (100%)*
3. *Број млади лица (18-30г.) со ризик од социјално исклучување кои добија помош за градење јасни цели за кариера и психосоцијално јакнење*
    - *Цел: 60, Реализација 60 (100%)*
4. *Број млади лица (18-30г.) со ризик од социјално исклучување кои учествуваа во практикантство во времетраење од 1 месец*
    - *Цел: 60, Реализација 59 (98.3%)*

## Одржливост:

1. ***Купената опрема (ЦНЦ машини и алати за електроинженерите) ќе се користат за спроведување на практичната обука за редовните ученици.Училиштето доби акредитација од Центарот за образование на возрасни за спроведување две обуки за инсталатери и инсталатери за резиденцијални објекти и обука за работа со ЦНЦ машина.Во иднина, училиштето ќе понуди спроведување на ваков тип обука за младите.***
2. ***Учениците што работеа со ЦНЦ машини почнаа со производство на сувенири.***
3. ***2 месеци по контактот со учесниците добивме информации дека повеќе од 15 од нив нашле работа како резултат од обуките и јакнењето на нивните капацитети***



***Project beneficiaries taking an apprenticeship.***

*Бевме пријатно изненадени од големиот интерес од учесниците и нивната редовност. Благодарни сме на овој проект што ни овозможи лично да се сретнеме со лица што потенцијално би биле наши вработени и да ги обучиме во производниот процес карактеристичен за нашите потреби и технички барања. И секако, на крајот од програмата за обука, вработивме двајца од практикантите, кои, според нас, прикажаа посветеност и искрена желба да биде дел од нашата организација. Ги вработивме!*

*(Чинител во проектот, Раководител за квалитет во „Махагони“ претпријатие за производство на мебел)*

Овој проект ми овозможи обука што ми помогна да се стекнам со знаења и вештини за мојата лична самодоверба, како да се претставам пред работодавачите и на пазарот на трудот. Се стекнав со вештини за монтер и инсталатер на резиденцијални објекти и знам дека сега ќе можам да најдам работа“.

(Бајрам Абдуловски, корисник на проектот)

„Со обуките од проектот и практиканството успеав да се вработам во претпријатието „Махагони“ на работното место ракувач со ЦНЦ машини“

(Бранислав Величковски, корисник на проектот)

***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***
Општинско средно техничко училиште „Наце Буѓони“ Куманово
Ул. Бајрам Шабанибб, 1300 Куманово, Македонија
+389 31 432-180
www.nacebugjoni.mk/

***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***
**Центар за развој на североисточниот плански регион – Куманово**
Ул. Илинденска бб, 1300 Куманово, Македонија
+389 31 424-878
www.northeastregion.gov.mk/

***КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ:***
www.facebook.com/nacebudjoniproject/

# ОД ИЗГРАДБА НА КЕИ ДО ИНКЛУЗИВЕН ПАЗАР НА ТРУДОТ

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9130/1*

**Времетраење:** *18 месеци*

**Период:** *14.12.2015 – 14.06.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*

**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот*

**Буџет:** *110.354,08 ЕУР*

**Придонес на ЕУ:** *93.800,96 ЕУР*

## Севкупна цел:

1. *Подобрување на обуките што се нудат во моментов преку стекнување партиципаторен пристап во изготвувањето на обуките.За таа цел беа организирани 50 еднодневни посебно изготвени обуки за целните групи*
2. *Зголемена вклученост на целната група на пазарот на труд преку процес на дневно следење од страна на експерти за вработување*
3. *Развиени капацитети на фирмите што обучуваат учесници за брза транзиција на пазарот на труд*
4. *Зајакната јавна свест за искористување на придобивките од волонтерството*

## Специфични цели:

1. *Да се поддржат лицата од ранливата категорија во процесот на вработување преку нудење специјализирани обуки и индивидуално менторство*
2. *Да се поддржат регионалните политики за вработување преку промовирање блиска меѓуопштинска соработка*
3. *Да се подобри практичното искуство на целната група преку пренесување на иновативни пристапи на најдобри практики скроени посебно за конкретните потреби на целните групи*
4. *Да се промовира волонтерството како алтернативна патека за справување со невработеноста преку подигнување на јавната свест*

## Целна група/корисници:

1. *Лица што живеат во оддалечени и рурални области*
2. *Млади невработени лица (на возраст од 20-29 години)*
3. *Лица кои не завршиле средно образование*
4. *Етнички малцинства (Турци и Срби)*

## Местоположба на активноста:

*Општини: Демира Капија и Росоман*



*1 & 2 Специјализирана обука за „Зајакнување на мотивациските вештини за повторен влез на пазарот на трудот“; 3 Меѓународен ден на волонтерство*

## Резултати и спроведени активности:

*1. Подобрување на обуките што се нудат во моментов преку стекнување партиципаторен пристап во изготвувањето на обуките:*

- *Изготвена студија за можностите на пазарот на трудот на Вардарскиот плански регион. Индивидуално и групно менторство*
- *Специјализирана обука (СО)*

*2. Зголемена вклученост на целната група на пазарот на труд преку процес на дневно следење од страна на експерти за вработување*

*3. Развиени капацитети на фирмите што обучија учесници (практиканти) за брза транзиција на пазарот на труд*

- *Практиканство во фирми*

*4. Зајакната јавна свест за придобивките од волонтерството*



*Специјализирани обуки одржани во општина Демир Капија и во Општина Росоман.*

## Клучни исходи/реализирани цели:

*Објавена една студија:„Можности на пазарот на труд – специјализирана студија за Вардарскиот плански регион“ (ISBN 978-9989-2704-7-51).*

## Главни показатели:

1. *Број на специјализирани обуки*
   - *Цел: 50 обуки. Реализација: 50 (100%)*
2. *Број на денови на спроведено поединечно и групно менторство*
   - *Цел: вкупно 50 денови.Реализација: Спроведени 100 денови (200%).*
3. *Број на организирани практични обуки во фирма*
   - *Цел: најмалку 6 фирми за практиканство. Реализација: вклучени фирми кои овозможија практиканство (100%)*
4. *Број на дистрибуирани квартални брошури*
   - *Цел: 1200 примероци во двете општини. Реализација:печатени 1200 брошури. (100%)*
5. *Број на информативни сесии*
   - *Цел: вкупно 6 во двете општини. Реализација:организирани 6 информативни сесии за волонтерство.*
6. *Број на учесници на МДВ*
   - *Цел: Присутни 100 учесници во двете општини (најмалку 30 до 50 лица во секоја општина). Реализација: Присутни 70 учесници на МДВ (Меѓународен Ден на Волунтаризмот) во двете општини. (70%)*

## Одржливост:

1. ***На крајот на спроведувањето на проектот беа доделени сертификати за учество на сите учесници коишто ги завршиле двата дела од специјализираната обука.***
2. ***На крајот на спроведувањето на проектот беа доделени сертификати за стекнати одредени вештини на сите учесници коишто активно учествувале во тридневната практика во фирмите***

*„По и во текот на спроведувањето на проектот постигнавме големо влијание врз членовите на целната група.Посебно изготвените обуки извршија големо влијание врз членовите на целната група за градење на нивните вештини во различни полиња, но најголемото влијание беше врз градењето на нивната доверба и мотивираност за повторно влегување на пазарот на труд.“*

(Благој Јовановски,

Лице задолжено за финансии на проектот)



***Средба со партнерите од општина Росоман.***

„Учествував на некои од специјализираните обуки, но обуката што ќе ми донесе промена во животот беше обуката за ИПАРД фондовите.Бев младо и невработено лице. Откако присуствував на обуката за ИПАРД фондовите, научив повеќе за придобивките од ИПАРД фондовите за лица што сакаат да се обидат и да аплицираат за мерките за самовработување. Ми го одобрија грантот и сега водам сопствен мал бизнис.“ (М.П., корисник на проектот)


***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

**Општина Демир Капија**

11 октомвриб.б., 1442 Демир Капија, Македонија

+389 43 364-100

www.opstinademirkapija.gov.mk

***КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ:***

www.podobruvanjenamoznostite.eu

www.facebook.com/FromEiqBuildUptoanInclusiveLabourMarket/

***ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:***

**Општина Росоман**

Пролетерска 1, 1422 Росоман, Македонија

+389 43 441-443

www.opstinarosoman.gov.mk

**Фондација за ново образование за бизнис**

Коста Новаковиќ 8, 1000 Скопје, Македонија

+389 2 240-2161

nbe.mk

# СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА: НОВ ПРИСТАП ЗА ЕФИКАСНО СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ

**ИД бр. на повикот.:** *Europe Aid /135-012/M.ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9131/1*

**Времетраење:** *18 месеци*

**Период:** *14.12.2015-14.04.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот*
**Буџет:** *97, 472, 08 ЕУР*
**Придонес од ЕУ:** *92, 598, 00 ЕУР*

## Севкупна цел:

1. *Да се придонесе за создавање поволна средина за реинтеграција на престапниците во општеството*
2. *Преку активностите што се предвидени со овој проект ќе им овозможиме на затворениците да се стекнат со нови вештини и да бидат конкурентни на пазарот на трудот откако ќе ја издржат затворската казна*

## Целна група/ корисници:

1. *Дирекцијата за извршување санкции*
2. *Затворите во Тетово и Штип*
3. *Народниот правобранител*
4. *Агенцијата за вработување, центрите за социјална работа*
5. *Стопанските комори и работодавачите, Центарот за образование на возрасни*
6. *Општините Тетово и Штип*

## Специфични цели:

1. *Затворите во Тетово и Штип ќе ги зголемат капацитетите за да обезбедат обука за стручни вештини насочена кон пазарот на труд*
2. *Ќе се намали бројот на престапници што го повториле делото*
3. *Затворениците ќе имаат можност да ги зголемат своите знаења/образование и стручни вештини*
4. *Образовните активности ќе се усвојат како редовни активности во рамките на затворите*

## Местоположба на активноста:

*Општини: Тетово и Штип*



***Завршна конференција, ЕУ Инфо центар, Скопје, 06.04.2017***

## Резултати и спроведени активности:

- *Обезбедени услови за реализација на најнова образовна обука во затворите Тетово и Штип (опрема, програми и алатки):*
    - *Опремување на 2 училници со техничка опрема неопходна за реализација на различни типови часови (компјутери, ИКТ опрема, столици, маси, итн.) и 2 работилници со техничка опрема потребна за реализација на стручна обука,*
    - *Процес на создавање посебни образовни програми специјално направени за потребите на затворениците (основна писменост, странски јазици, компјутерски вештини, итн.)*
- *Долгорочно, затворениците имаат корист од унапредените капацитети и конкурентност на пазарот на трудот по нивното издржување на затворската казна:*
    - *Практично спроведување на образовните и стручните обуки и курсеви за затворениците што ја издржуваат затворската казна во затворот во Тетово и Штип*
- *Носителите на одлуки во соодветните заедници ја подигнаа свеста и се информирани за опциите како да се поддржи успешна реинтеграција на престапниците:*
    - *Консултативни средби со носителите на одлуки со луѓе од Министерството за правда и Управата за извршување санкции.*
- *Локалните заедници во Тетово и Штип имаат информации за образовните шеми што се спроведуваат во затворите:*
    - *Производство и печатење на прирачник/брошура,*
    - *Три (3) регионални настани и еден завршен настан и активности за дисеминација за промоција на проектот и проектните активности.*



*Регионален настан за дисеминација и промовирање на проектните активности*

## Клучни исходи/реализирани цели:

1. *Три (3) специјализирани образовни програми приспособени на потребите на луѓето што издржуваат затворска казна (програма за стекнување основна писменост, програма за англиски јазик и програма за основни компјутерски вештини)*
2. *Две (2) специјализирани програми за стручна обука приспособени за луѓето што издржуваат затворска казна (програма за пекар/готвач и програма за фризер)*
3. *Еден (1) прирачник за образовните методи за работа со луѓе што издржуваат затворска казна*
4. *20 лица без основно образование да се стекнат со диплома за хортикултура*
5. *40 лица да се стекнат со сертификат за основно познавање на англиски јазик.*
6. *60 лица да се стекнат со сертификат за основно познавање на компјутери*
7. *20 лица да се стекнат со сертификат за вештини и компетенции за пекар*
8. *20 лица да се стекнат со сертификат за вештини и компетенции за фризер*

## Клучни показатели:

1. *Број на специјализирани образовни програми*
    - *Цел: 3; Реализација:2 (66.7%)*
2. *Број специјализирани стручни програми.*
    - *Цел: 2; Реализација:3(150%)*
3. *Број генерирани прирачници*
    - *Цел: 1; Реализација: 1 (100%)*
4. *Број учесници што се стекнале со диплома.*
    - *Цел: 160; Реализација:150 (93.75%)*

# Одржливост:

1. ***Работата на проектот создаде квалитетно искуство чиј резултати оставија корисни капацитети, како што се две опремени простории за обука***
2. ***Се развија неколку алатки за евалуација***
3. ***Елаборирани постапки како да се спроведуваат различни аспекти на процесот на обука и прирачник како да се работи со затвореници***



***Завршна конференција, ЕУ Инфо Центар, Скопје, 06.04.2017***

*„во затворот во Штип, не беше возможно да се исполни потребата од образовни активности за корисно и продуктивно исполнување на нивното слободно време. Овој проект ни помогна да опремиме просторија која ја приспособивме како компјутерска лабораторија и го обучивме раководниот тим за реализација на образовни активности. Активностите продолжуваат и по завршувањето на проектот како дел од образовните активности на затворот“.*

(г-ѓа Анета Кирова, Раководител на одделението за ресоцијализација во затворот во Штип)

*„Ова е најдобра можност за мене и за мојот бизнис, откако ќе ја завршам затворската казна во затворот ќе отворам пекара, сон што го имам уште откако завршив практична работа пред неколку години“.*

(затвореник учесник во обуката за пекари, затвор Тетово)

***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

**Институт за развој на заедницата – Тетово**
Ул. Маршал Тито106,1200 Тетово, Македонија
+389 44 340-677
info@irz.org.mk
www.irz.org.mk

***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***

**ДВВ Интернационал – Бон, Германија**
Ул. „Obere Wilhelmstraße 32“, 53225 Бон, Германија
+49 228 9756931
www.dvv-international.de

***КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ:***

www.prisoneducation.mk
www.facebook.com/prisonedumk

# ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА ПРЕКУ ЈАКНЕЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА „ОТВОРЕНА ВРАТА – ЗА МЛАДИТЕ ОД МЛАДИТЕ“

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135-012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9148/1*

**Времетраење:** *22 месеци*

**Период:** 14.12.2015 – 14.10.2017

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот*
**Буџет:** *157.923,88 ЕУР*
**Придонес на ЕУ:** *150.011,89 EUR*

## Општа цел:

***Да се олесни социјалната инклузија на ранливите млади луѓе преку создавање еднакви можности за пристап до пазарот на трудот***

## Посебни цели:

***Да се поддржи, охрабри и зголеми учеството на луѓето од ранливите групи на пазарот на трудот преку подобрување на нивната вработливост, градење на нивните вештини за вклучување на пазарот на трудот и целосна интеграција во општеството***

## Целна група/корисници:

1. ***Млади лица без родителска грижа и со образовни и социјални проблеми***
2. ***Невработени млади корисници на социјална помош на возраст од 18 – 29 години***
3. ***Установи***

## Локација на акцијата:

***Скопје, Прилеп, Битола и Штип***



***Менторство – изготвување План за вработување за млади лица,  приматели на социјална помош, Скопје***

## Резултати и спроведени активности:

1. *Формирани граѓански и стручни мултипликатори од јавниот сектор за кариерно советување за младите луѓе под ризик од социјално исклучување:*
   - *Изготвување и промовирање на Студија за анализа на потребите на младите луѓе – корисници на социјална помош,*
   - *Изготвување социјални карти за младите лица што се згрижени во институциите,*
   - *Приспособување на методологија за кариерно советување и рано кариерно насочување,*
   - *Организирање работилници за обука на обучувачи.*
2. *Воспоставени и опремени 4 младински инфо кариерни центри на локално ниво:*
   - *Идентификација на локациите и план за реновирање,*
   - *Опремување и промовирање на центрите „Отворена врата“.*
3. *Зголемена вработливост и услови за интегрирање на пазарот на трудот за 137 млади луѓе:*
   - *Изготвување план за спроведување на обуките,*
   - *Обуки за млади луѓе без родителска грижа со социјално-образовни проблеми и корисници на социјална помош,*
   - *Поддршка на практична работа.*

-   

*1: Обука за обучувачи за кариерно советување; 2: Промовирање на Студијата за анализа на потребите, Скопје.*

## Главни аутпути/крајни производи:

- *Методологија за кариерно советување и рано кариерно насочување.*
- *Методологија за KompetenzenBilanz (биланс на компетенции).*
- *60 социјални карти за млади лица без родителска грижа и со образовни и социјални проблеми.*
- *Студија за анализа на потребите:Социјална инклузија на ранливите групи преку создавање еднакви можности за пристап до пазарот на трудот (ISBN:978-608-66094-0-5).*
- *Мултимедијално ДВД издание на резултатите од проектот.*

## Главни показатели:

1. *20 членови од граѓанските организации и институциите се избрани согласно утврдените критериуми и обучени за давање услуги за кариерно советување*
   - *Реализација: 20 (100%)*
2. *4 МИЦ – Отворена врата за градење на капацитетите на младите луѓе под ризик се основани и опремени во рамките на работничките универзитети*
   - *Реализација: 4 (100%)*
3. *98 млади корисници на социјална помош и 28 млади луѓе што се згрижени во установи се обучени за рано кариерно насочување и советување од обучените обучувачи на посебно приспособени четиринеделни работилници*
   - *Реализација:вкупно 137 (108,7%)*
4. *20 млади лица – учесници на работилниците што покажаа најдобри резултати се наградени со 2-неделно практикантство кај познат работодавач врз основа на посебен договор“*
   - *Реализација:17 (2 од нив вработени по завршувањето на практикантството).*

# Одржливост:

1. *Изготвена и промовирана Студија за анализа на потребите за корисниците на социјална помош (служи како алатка со ресурси за институциите)*
2. *Опремени кариерните центри „Отворена врата“ (служат како локации за обуки/состаноци за НВО и институциите)*
3. *Дистрибуирана методологијата за кариерно советување на Центрите за социјална работа (служи како алатка за адресирање на маргинализираните млади лица за кариерно насочување)*




*Обука за кариерно советување*

*„Кариерното насочување е „ветер во грбот“ на децата кога тие ги напуштаат установите. Според тоа, цврсто сум убедена дека раното кариерно насочување, не само во установата туку во општеството воопшто, е потребно за младите луѓе уште на самиот почеток така што тие ќе може да се откријат себеси за самите да го насочат патот на развојот на своите кариери и да го најдат своето место во општеството.“*

*(Вера Петровска, засегнатата страна во проектот, социолог во Установа за деца без родителска грижа / обучен советник за кариерно насочување)*

*„4-дневниот процес на обука беше фокусиран на посветувањето внимание на самите нас. За време на обуките мораше да зборуваме цело време, изразувајќи се преку игри.Како срамежливо лице, јас не верував дека ќе може да ја надминам мојата срамежливост. Сега сум практикант во сметководствената агенција „Сим Холдинг“ со поддршка од проектот. Се чувствувам исполнето, како да сум дел од нешто.“*

*(Сара Лазаровска, корисник на проектот, практикант)*

***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

**Коалиција на младински организации СЕГА - Прилеп**

Цар Самоил 18, 7500 Прилеп

+389 48 429 390

www.sega.org.mk

www.facebook.com/coalitionSEGA/

www.facebook.com/coalitionSEGA/

***ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ:***

www.facebook.com/OpenDoorForYouthByYouth/

***ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:***

**Здружение за општествена акција, едукација и превентива, ЕАСП - Скопје**

11 Октомври 42-а, 1000 Скопје

easp-youth.weebly.com

www.facebook.com/easpyouth/

**K.A.B.A. Slovensko, Slovakia – Martin, Slovakia**

Komenskeho 19, Martin, Slovakia

www.kabaslovensko.sk

www.facebook.com/kaba.slovensko

# КУЈНА НА ТРКАЛА

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9125/1*

**Времетраење:** *22 месеци*

**Период:** *14.12.2015 – 14.10.2017 година*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот*
**Буџет:** *111.546,70 ЕУР*
**Придонес на ЕУ:** *103.515,34 EUR*

## Општа цел:

*Да се создадат можности за вработување на лица со попречености и да се обезбеди достава на квалитетни оброци за постари лица, социјално исклучени и болни граѓани во општина Македонски Брод*

## Посебни цели:

1. *Да се оснажат младите лица со попречености да бидат конкурентни на пазарот на труд*
2. *Да се создаде локална служба за поддршка за социјално исклучените лица*

## Целна група/корисници:

1. *Млади лица со попречености и државни службеници*
2. *Социјално исклучени лица; постари лица; самохрани родители; корисници на социјална помош; млади лица со попречености и нивните семејства*
3. *Бизнис секторот во општина Македонски Брод*

## Локација на акцијата:

1. *Општина Македонски Брод (за подготовка на храна)*
2. *Околните села: Самоков, Растеж, Рамне, Брест, Косово, Звечан, Ковач, Зркле и Лупште (за достава на оброците до постари лица)*





*1. Зготвената храна се пакува во термо-ќеси за јадењата да останат свежи и топли; 2. Спакуваните оброци се доставуваат до 54 постари лица во 9 околни села.*

## Резултати и спроведени активности:

- *Создадени можности за вработување за лица со попречености:*
  - *Студиска посета во Србија за пренос на знаења и вештини,*
  - *Регрутирање и обука на младите лица со попречености коишто ќе работат во „Кујната на тркала“,*
  - *Опремување на „Кујната на тркала“,*
  - *Секојдневни активности во „Кујна“ (подготовка на храната, пакување, достава).*
- *Зајакнати капацитети на лицата со попречености да бидат конкурентни на пазарот на труд:*
  - *Беа организирани 8-дневни обуки за млади лица со попречености за оснажување на нивните вештини.*
- *Поттикната јавна дебата за мобилизирање на локалните капацитети за создавање можности за вработување за лицата со попречености:*
  - *Подготовка на промотивен материјал (летоци, интернет страница, Фејсбук профил, радио реклама)*
  - *Обуки за зајакнување на капацитетите на државните службеници за да се стекнат со знаење, вештини, алатки и техники за поддршка на лицата со попречености,*
  - *Јавни дискусии со деловниот сектор, локалната администрација, претставници од НВОи, претставници на АВРМ и међуопштинските центри за социјална работа во Македонски Брод, Кичево, Прилеп и Битола,*
  - *Завршна конференција.*



*1. Студиска посета на Србија за пренос на знаења и техники; 2. Обуки за зајакнување на капацитетите на државните службеници за да се стекнат со знаење, вештини, алатки и техники за поддршка на лицата со попречености; 3. Јавна дебата во Прилеп.*

## Главни аутпути/крајни производи:

1. *Брошура „Насоки за вклучување на лицата со попречености на пазарот на труд“ (ISBN 978-608-66113-0-9)*
2. *Интернет-страница http://kujnanatrkala.net*
3. *Страница на Facebook https://www.facebook.com/kujnanatrkala*
4. *Летоци*
5. *Промотивни материјал.*

## Главни показатели:

1. *Број на млади лица со попречености ангажирани во услужниот центар „Кујна на тркала“*
   - *Цел: 12.Постигнато: 12 (100%)*
2. *Број на лица (постари лица што живеат сами или тешко се движат) што добиле оброк или други услуги од услужниот центар „Кујна на тркала“*
   - *Цел:54.Постигнато: 54 (100%)*

## Одржливост:

1. *Обука на 20 лица со попречености за да станат активни баратели на работа на пазарот на труд.*
2. *Лицата со попречености стекнуваат искуство и можност да го споделат своето искуство со други лица со попречености, со цел проектот да се прошири на територијата на општина Прилеп.*
3. *Интерес кај приватниот сектор да вработува лица со попречености.*
4. *Поддршка од институциите и општините со цел проектот да се продолжи и рашири.*



*Конференција на крајот од проектот*

*„Ми претставува задоволство да им помагам на постарите и изнемоштени лица кои не можат да си обезбедат оброк поради финансиски проблеми и оддалечениот и непристапен терен каде што живеат.“*

(Дарко Вељановски, корисник на проектот, младо лице со попречености вклучено во подготовката на оброците)

*„Јас сум корисник на социјална помош.Се справувам со финансиски и здравствени проблеми.Благодарна сум што некој се сетил на нас, да дојде и да нѐ посети, да поразговара со нас и да ни даде топол оброк.“*

(Мена Златеска, корисник на проектот, постаро лице што живее во селото Ковач, примател на оброци)

*„Овие млади лица се дел од локалната заедница. Проектот им овозможи да се чувствуваат корисни за општеството. Секое утро тие доаѓаа на работа во ресторанот и учествуваа во целиот процес на подготовка, пакување и дистрибуирање на храната. Кога младите и постарите лица од нашата заедница ќе се здружат во заедничка насмевка, ни значи многу!”*

(Жарко Ристески, засегната страна во проектот, социјален работник)


***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

**Меѓуопштински центар за социјална работа – Македонски Брод**

Маршал Тито 9, 6530 Македонски Брод

+389 72 321-772

***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***

**Младинско здружение за општествена акција, едукација и превентива ЕАСП – Прилеп**

Кире Ристески Србинот 28, 7500 Прилеп

+389 76 435-535

www.facebook.com/easpyouth

www.easp-youth.weebly.com

***КОНТАКТ ДЕТАЛИ:***

www.kujnanatrkala.net

www.facebook.com/kujnanatrkala

Employment of Persons with Disabilities - Sustainable Model

# ПЛАНИРАЊЕ НА МОДЕЛ ЗА ОДРЖЛИВО ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9128/1*

**Времетраење:** *18 месеци*

**Период:** *14.12.2015 – 14.06.2017 година*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот*
**Буџет:** *93.400,94 ЕУР*
**Придонес на ЕУ:** *88.676,75 ЕУР*

## Општа цел:

*Да се промовира рамноправна и активна вклученост на лицата со попречености на отворениот пазар на труд*

## Посебни цели:

*Да се пилотира и промовира модел на одржливо вработување на лица со попречености, врз основа на нивните способности да придонесат како рамноправни и активни граѓани*

## Целна група/корисници:

*Лица со попречености, бизнис секторот, јавни институции, граѓански организации, експерти и професионалци, како и пошироката јавност*

## Локација на акцијата:

*Скопски регион*

*Општини: Арачиново, Чучер Сандево, Петровец, Сопиште, Студеничани и Зелениково*



*Со добра и индивидуализирана поддршка секој може да успее!*

## Резултати и спроведени активности:

1. *Зголемување на вработливоста и пристапот до отворениот пазар на труд за лицата со попречености:*
    - *Категоризирана проектна база на податоци на лица со попречености што бараат вработување;*
    - *Обезбедување обука за вештини за вработување (меки вештини);*
    - *Обезбедување индивидуална посебно изготвена обука за конкретни вештини;*
    - *Менторство на лица со попречености.*
2. *Зајакнати капацитети на претпријатијата да понудат вработување без пречки за лицата со попречености:*
    - *Анализа на истражување на различни видови работодавачи;*
    - *Работилници за персоналот од ЧР;*
    - *Практичен прирачник за претпријатијата;*
    - *Посебно изготвени пакети за поддршка на претпријатијата.*
3. *Информирање за потребите, можностите и придобивките од вработувањето лица со попречености:*
    - *Креирање интернет платформа;*
    - *Организирање средби за размена со колеги меѓу работодавачите на лица со попречености;*
    - *Подготовка на видео материјал за три успешни приказни од проектот;*
    - *Подготовка на известување за политики за унапредување на социјалната вклученост на лицата со попречености на отворениот пазар на труд.*




*Обуки за развој  на вештини за вработливост на млади лица со попречености*

## Главни аутпути/крајни производи:

- *Беа организирани еднодневни обуки за меки вештини; обуки за меки вештини за вработливост; лицата со попречености добија посебно изготвени обуки*
- *Беа изготвени обуки за персоналот од човекови ресурси, пакети за услуги*
- *Три размени со колеги, видео-материјал за три успешни приказни, интернет-платформа, извештај од истражувањето и извештај за политики*
- *Практичниот прирачник за претпријатијата „Вработување и раководење со лица со попречености“ е објавен и дистрибуиран (400 примероци на македонски и 100 примероци на албански јазик).*

## Главни показатели:

1. *Цел:120 лица со попречености обучени за основни вештини за вработување*
    - *Постигнато: 104 (87%)*
2. *40 лица со попречености се обучени за конкретни вештини преку посебно изготвени обуки*
    - *Постигнато: 38 (95%)*
3. *10 лица со попречености добиле менторство при пријавувањето за нова работа.*
    - *Постигнато: 13 (130%)*
4. *10 лица со попречености добиле нова работа*
    - *Постигнато: 4 (40%)*
5. *75 професионалци за ЧР посетиле 3 обуки за вработување без пречки и раководење со лица со попречености*
    - *Постигнато: 69 (92%)*
6. *Најмалку 50 учесници присуствувале на 3 средби за размена со колеги*
    - *Постигнато:30 лица со попречености и 69 професионалци за ЧР (198 %)*

# Одржливост:

1. ***Службата за поддршка за работно вклучување на лицата со попречености ја комбинира експертизата на двете организации и ќе остане достапна за засегнатите страни и по завршувањето на проектот.***
2. ***Наодите од истражувањето, анализата и препораките за измени и дополнување на извештајот за политики ќе се користат во понатамошното застапување за подобрувања во земјата.***

*„Ѝ се восхитувам на решеноста на младите лица со попречености да научат. Кога тие беа мотивирани, ги продолжував часовите. Сакав да го искористам моментот на восхитеност поради креирањето нешто што претходно го виделе само во списанија.“*

(засегната страна во проектот, обучувач)



***Среди со колеги со лица со попречености и претставници од бизнис секторот.***

*„Обуките беа одлични и корисни за лицата со оштетен вид кои имаат потенцијални резултати и искуство – токму она што го бара пазарот на труд.“*

(корисник на проектот, младо лице со оштетен вид)

***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***
**Отворете ги прозорците – Скопје**
Партизански одреди 62-2/29,1000 Скопје
+389 2 306-8630
www.openthewindows.org

***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***
**„Конект“ – Скопје**
Владимир Полежиновски 19/1-6, 1000 Скопје
+389 2 322-4198
konekt@konekt.org.mk

***КОНТАКТ ДЕТАЛИ:***
www.facebook.com/groups/1029688740479017/

# ПРОМОВИРАЊЕ НА АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦА ВО НЕПОВОЛНА ПОЛОЖБА ИСКЛУЧЕНИ ОД ПАЗАРОТ НА ТРУД

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135-012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9137/1*

**Времетраење:** *20 месеци*

**Период:** *14.12.2015 – 14.08.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*

**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот*

**Буџет:** *163,851 ЕУР*

**Придонес на ЕУ:** *94,999 ЕУР*

## Севкупна цел:

*Да се зголеми активирањето на лицата под ризик од социјално исклучување на пазарот на труд преку подобрување на нивните вештини, образование, квалификации, и олеснување на нивната целосна интеграција во општеството и на пазарот на труд*

## Целна група/корисници:

*Лица во неповолна положба што се наоѓаат на маргините на пазарот на труд, вклучувајќи:лица со попречености; поранешни зависници од дрога и алкохол; жртви на семејно насилство; млади престапници; лица кои го напуштиле училиштето; млади лица без родители и родителска грижа; млади лица што живеат во оддалечени и рурални области; родители на улични деца; самохрани родители; корисници на социјална помош; бездомници; други лица во слична неповолна положба*

## Специфични цели:

1. *Да се подобри ефикасноста на вработувањето и социјалните услуги како начин за промовирање на социјалното вклучување на ранливите групи и лицата во неповолна положба*
2. *Да се зајакнат ранливите групи и лицата во неповолна положба и да им се дадат вештини и искуство потребни за надминување на пречките за вработување преку програма за обука пред вработување и вработување или стажирање*
3. *Да се подобрат услугите и да се развијат ефективни партнерства меѓу клучните засегнати страни*

## Местоположба на активноста:

*Скопје, североисточен регион (Куманово, Кратово, Крива Паланка), југоисточен регион (Дебар, Кичево, МакедонскиБрод, Охрид), вардарски регион (Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Велес), полошки регион (Гостивар, Тетово)*



*Индивидуални средби меѓу менторите и менторираните лица*

## Резултати и спроведени активности:

1. *Зајакнати вештини за вработување и социјални работници:*
    - *Програма за обука за градење капацитети,*
    - *Воведување и пилот-тестирање на Моделот за социјално менторство,*
    - *Обуки „Ментори за социјална инклузија“*
2. *Зајакнат потенцијал за вработување на лицата изложени на ризик од социјално исклучување:*
    - *Вработување/практикантство,*
    - *Фокус-групи,*
    - *Програма за обука пред вработување.*
3. *Поддршка за вмрежување и партнерства меѓу давателите на услуги:*
    - *Семинари за клучните засегнати страни,*
    - *Протокол за соработка меѓу засегнатите страни,*
    - *Интервенции за подигнување на свеста и за вмрежување (уметнички изложби, места за вмрежување, панел дискусии).*
4. *Локалните власти и клучните засегнати страни ги чувствуваат придобивките бидејќи од проектот произлегоа препораки и помогна да се подобрат рамките за политики и услуги што беа потребни за реплицирање на најдобрите практики.*
5. *Се подигна свеста на засегнатите страни и на јавноста, со цел да намалување на предрасудите и бариерите за целната група.*




*Обука за социјално менторство*

## Клучни исходи/реализирани цели:

- *Протокол за соработка меѓу засегнатите страни*
- *3 Семинари за клучните засегнати страни во Скопје*
- *План за медиуми*
- *Информативен материјал (2000 летоци, 500 постери, 1 ТВ спот)*
- *Четири посебни места (ќошиња) за вмрежување*
- *Четири извештаи за политики каде што се презентираат резултатите на проектот*
- *Четири панел дискусии*

## Главни показатели:

1. *Број на ранливи лица што поминале обука пред вработување и ги подобриле своите вештини*
    - *Цел: 150. Реализација: 121 (80.6%);*
2. *Број на ранливи групи што поминале низ социјално менторство*
    - *Цел:20-40. Реализација: 22 (110%);*
3. *Број на ранливи лица што се вработиле/стажирале во локални бизниси и социјални претпријатија*
    - *Цел: 50. Реализација: 17 (34%);*
4. *Број на вработувања и социјални работници обучени за социјално менторство и нови методи за подобрување на активирањето на ранливи групи*
    - *Цел: 80. Реализација: 79 (98.75%);*
5. *Број на лица што биле опфатени со јавната кампања и што станале свесни за проблемите со кои се соочуваат ранливите групи*
    - *Цел:3500-5000. Реализација:повеќе од 5000 (>100%).*

## Одржливост:

1. ***Прирачник за социјални ментори.***
2. ***Протокол за мерки и услуги.***
3. ***Семинари за градење капацитети насочени кон давателите на услуги и настани за вмрежување и градење партнерства насочени кон засегнатите страни.***
4. ***Препораки за политики што ќе ги поттикнат националните органи да донесат соодветни правни, технички, административни и финансиски мерки.***

*„Јас сум социјален ментор првпат во мојата кариера. Пред сѐ, тоа е многу корисно за менторираните лица.Во текот на овој процес сфатив дека можам да им помогнам на начин различен од сите мои дневни активности што сум ги вршела досега.“*

(Маја Ташева Битноска, професионалец од Центарот за вработување во Охрид, социјален ментор)




*„Мојот скептичен став се промени првиот ден од обуката, кога почнав да ги гледам работите на поинаков начин. Овој проект ми помогна да се пронајдам себеси и ме охрабри да станам поактивен во подобрувањето на мојата заедница.“*

(Јосиф Мишевски, менторирано лице)

***Семинар„Методи за зајакнување на можностите за ново вработување“***

| | |
|---|---|
| ***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***<br>**Центар за семејство и детска грижа КМОР – Атина**<br>Skoufa 75, 10680 Атина,Грција<br>+30 210 0363 7547<br>www.kmop.gr<br>www.facebook.com/kmop.eu/ | ***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***<br>**Институт за економски истражувања и политики**<br>**„Finance Think“ – Скопје**<br>Фредерик Шопен 1/2,1000 Скопје, Македонија<br>+389 2 615-6168<br>www.financethink.mk<br>www.facebook.com/FinanceThink/?ref=br_rs |
| ***КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ:***<br>www.vrabotime.mk<br>www.facebook.com/vrabotime.mk/ | |

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПОНУДАТА НА КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА МЕЃУ РИЗИЧНИТЕ ГРУПИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*
**Договор бр.:** *12-9132/1*
**Времетраење:** *18 месеци*
**Период:** *04.01.2016 – 04.05.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Интегрирање на малцинските етнички заедници на пазарот на трудот со посебен фокус на жените*
**Буџет:** *153.466,69 ЕУР*
**Придонес на ЕУ:** *138.120,02 ЕУР*

## ОПШТА ЦЕЛ:

*Да се зголеми вклученоста на луѓето во најслабите позиција на пазарот на труд, со што се создава еднаква можности за сите во пристапот до пазарот на трудот во земјата.*

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ

*Проширување на можностите за вработување на невработените и социјално исклучените категории во земјата преку развивање и усвојување на прилагодени програми како и олеснување на нивната целосна интеграција во општеството, а особено нивниот пристап до пазарот на трудот*

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

1. *Невработени и социјално исклучени лица, 120 лица*
2. *Ризични групи на пазарот на трудот што учествуваат на пазарот на трудот во скопскиот и југозападниот регион во земјата*

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

*1.Скопски регион*
*2.Југозападен регион*

## ГЛАВНИ АУТПУТИ/КРАЈНИ ПРОИЗВОДИ:

1. *Изготвен индивидуален акциски план*
2. *Изготвен модел за психо-социјално советување*
3. *Изготвена процена на потребите за обука*

## ГЛАВНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

*1.Број на изготвени модели за психо-социјално оспособување*
*o Очекуван резултат: 120, Реализација: 1 (100%).*
*2.Број на изготвени индивидуални акциски планови*
*o Очекуван резултат: 120, Реализација: 124 (103.3%)*

# 1. РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

*1. Изготвување стратегија за активирање на невработените и социјално исклучените лица врз основа на ограничувањата на различните целни групи:*

- *Тендерската постапка беше спроведена во периодот од мај до јуни 2016 година и беше повторно отворена во 2017 година*

*2. Изготвување модел за психо-социјално оспособување на невработените и социјално исклучените лица и пробно спроведување:*

- *Изготвен модел за психо-социјално оспособување на невработените и социјално исклучените лица*
- *Моделот за пхисо-социјално оспособување е спроведен за 150 лица*

*3. Изготвување индивидуални акциски планови (ИАП) за невработените и социјално исклучените лица и нивно пробно спроведување во соработка со работодавачите:*

- *Изготвен моделот за ИАП (процена, мапирање на работните места, план на активности)*
- *Изготвени 124 ИАП за 124 лица од целната група*
- *Изготвена процена на потребите за обука.*

*КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:*

*Естонски советодавен центар - Талин*

*Suur-Ameerika 18a, Tallinn, 10122, Estonia*
*+372 6 999 691; +372 53 406 553*
*info@abikeskused.ee*

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ:
www.uist.edu.mk
www.ednakvimoznosti.mk

ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:
Универзитет за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ - Охрид

Партизанска бб, 6000 Охрид
+389 46 511-000
contact@uist.edu.mk

Граѓанско здружение за еднакви можности „Еднаков пристап“ - Скопје

ДобромирХрс 3, 1000 Скопје
+389 2278-1244
ednakov_pristap@yahoo.com

# ПРОГРАМА ЗА (САМО) ВРАБОТУВАЊЕ ЗА САМОХРАНИ МАЈКИ

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/136315/ID/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-8403/1*

**Времетраење:** *12 месеци*

**Период:** *26.12.2016 – 26.12.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*

**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјално вклучување на маргинализираните лица*

**Буџет:** *152,284 ЕУР*

**Придонес на ЕУ :** *142,284 ЕУР*

## ОПШТА ЦЕЛ:

***Да се развие и тестира модел за сеопфатна поддршка што ќе им помогне на самохраните мајки (особено на жртвите на семејно насилство) да бараат и добијат можности за одржливо вработување и самовработување***

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

1. ***Да им се обезбеди на самохраните мајки (особено на поранешните жртви на семејно насилство) компетенции, доверба и пристап до можности за одржливо вработување и самовработување***
2. ***Да им се обезбедат алатки и ресурси на Центрите за социјална работа и локалните организации од граѓанското општество за натамошна поддршка и олеснување на интегрирањето на крајните корисници на проектот на пазарот на трудот***

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

1. ***Невработени самохрани мајки, особено жртви на семејно насилство***
2. ***Локална деловна заедница***
3. ***Центри за социјална работа / граѓанско општество на локално ниво***

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

***Општини: Скопје, Штип и Битола***





***1 и 3 Програма за обука во повеќе модули; 2. Соработка со локални институции.***

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

*1. Самохраните мајки стекнуваат вештини и самодоверба за да бидат конкурентни на пазарот на трудот:*
*o 77 самохрани мајки ја започнаа, а 64 успешно ја завршија долгорочната програма за обука за основни професионални и претприемачки вештини во Скопје, Штип и Битола,*
*o 30 самохрани мајки учествуваат во стручна обука,*
*o Се организираат состаноци за психосоцијална поддршка на секоја локација, редовно користени од 60 жени,*
*o Услугите за згрижување на децата се искористени од околу 50% од корисниците на проектот.*
*2. Самохраните мајки имаат информации и посебно приспособен пристап кон постоечките услуги за поддршка при вработувањето:*
*o 40 деловни жени обучени како ментори за обезбедување поддршка на самохраните мајки за наоѓање одржливо вработување,*
*o 15 деловни жени ангажирани како ментори, обезбедуваат индивидуална поддршка на самохраните мајки,*
*o Информативни состаноци за достапната владина поддршка за самовработување се организирани во секоја локација.*
*3. Поширокта деловна заедница има информации и интерес да го искористи работниот потенцијал на целната група:*
*o Спроведено е истражување за идентификација на потребите на локалната деловна заедница со учество на 148 локални компании,*
*o 48 компании се обучени во областа на Корпоративната општествена одговорност.*
*4. Релевантните институции ги поседуваат алатките и ресурсите за поддршка на интегрирањето на целната група на пазарот на трудот:*
*o Во тек се активности за пренос на знаење на локалните организации од граѓанското општество и институции.*



*1. За време на проектните активности се достапни услуги за згрижување на децата; 2. Обука на менторите.*

# ГЛАВНИ АУТПУТИ/КРАЈНИ ПРОИЗВОДИ:

*1. 3 почетни настани организиран на секоја локација со вклучување повеќе различни локални чинители и институции*
*2. Потпишани меморандуми за разбирање со општините Центар и Битола*
*3. Мултимодуларна програма за обука спроведена на 3 локации*
*4. Спроведено истражување на потребите на локалната деловна заедница со учество на 148 компании*
*5. Спроведени две обуки за корпоративна општествена одговорност со учество на 48 компании*
*6. 40 деловни жени обучени за менторки*
*7. Одржани повеќе од 30 состаноци за психосоцијална поддршка*
*8. Обезбедени услуги за згрижување на децата во текот на проектните активности.*

# ГЛАВНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

*1. 90 / 60 самохрани мајки учествуваат / ја завршуваат програмата за обука*
*o 77(85%) / 64 (107% земале учество /ја завршиле програмата за обука*
*2. 30 корисници учествуваат во стручна обука*
*o 29 (97%) корисници учествувале во стручна обука*
*3. 50 корисници учествуваат во програмата за менторство*
*o 75 (150%) корисници учествуваат во програмата за менторство*
*4. Најмалку 30 корисници користат услуги за згрижување на децата*
*o 27 (90%) користат услуги за згрижување на децата*
*5. Најмалку 30 локални компании учествуваат во обуката за корпоративна општествена одговорност*
*o 48 (160%) компании учествуваат во обуката за корпоративна општествена одговорност.*

## ОДРЖЛИВОСТ:

***1. Групи за самопомош за самохрани мајки се основани во секоја локација***
***2. Локалните деловни жени се ангажирани како ментори за обезбедување долгорочна поддршка и поврзување за помош на корисниците при самовработувањето***
***3. 150 компании се вклучени за олеснување на вработувањето на корисниците***
***4. Соработка со центрите за вработување / релевантни организации од граѓанското општество за искористување на аутпутите на проектот***
***5. Во тек е изготвувањето на материјали за повторување на резултатите***

*„Јас станав менторка во оваа програма за да ги споделам моето искуство и знаење, знаејќи колку ваквата поддршка значи во вистинскиот свет на бизнисот.“*
(Јасмина Антиќ-Атанасовски, деловна жена / менторка)



*„Ова е најпозитивното искуство за мене, како самохрана мајка на две малолетни деца што бара храброст да започне сопствен бизнис.“*
(Марија-Магдалена Петковска, корисник на проектот)

***АВРМ им презентира можности за вработување на корисниците на проектот***

**КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:**
Бизнис конфедерација на Македонија - Скопје
Бизнис Конфедерација на Македонија
Business Confederation of Macedonia
Васил Ѓоргов 11, 1000 Скопје
+389 2 322-4762, www.bcm.mk

**ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ:**

**www.facebook.com/The-Single-mother-SelfEmployment-programme-280534589041745/**

**ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ**:
Институт за менаџмент поддршка - Скопје
институт за менаџмент поддршка
Пролет 12-6, 1000 Скопје
+ 389 2 615-3642
www.management.org.mk
Асоцијација на бизнис жени - Скопје
Здружение на бизнис жени
Васил Ѓоргов 11, 1000 Скопје
+ 389 2 314-0703
www.abw.mk
www.facebook.com/AssociationofBusinessWomenMacedonia/

# ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/136315/ID/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-8405/1*

**Времетраење:** *12 месеци*

**Период:** *26.12.2016 – 27.12.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјално вклучување на маргинализираните лица*
**Буџет:** *176,974 EUR*
**Придонес на ЕУ :** *168,125 EUR*

## ОПШТА ЦЕЛ:

***Подобрување на економската интеграција и социјална инклузија на маргинализирани лица и лица изложени на ризик. Оспособување за вработување е иновативен концепт за вклучување на младите лица и маргинализираните/ранливите групи на пазарот на трудот. Проектот ќе го користи пристапот на оспособување за вработување за да го стимулира учеството на целната група на пазарот на трудот. Ова е пристап што се заснова врз социјално и економско вклучување на ранливите категории, стручно образование и обука (СОО) и креирање работни места. Тој предвидува низа активности за градење на капацитетите, културни активности, активности за социјализација и подигнување на свеста со коишто може да се одржи социјалната инклузија на маргинализираните***

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

1. ***Да се зајакне економската интеграција и социјална инклузија на маргинализираните лица кои се во социјален ризик***
2. ***Да се подобри учеството на пазарот на трудот на жртви на семејно насилство и маргинализираните млади лиѓе***
2. ***Поддршка на развојот на способностите и социјалните вештини на маргинализирани лица***

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

1. ***Невработени жртви на семејно насилство, млади луѓе кои го напуштиле училиштето рано и млади луѓе без родители и родителска грижа кои ги напуштиле домовите за деца без родители, тренери***
2. ***Семејства на жртви на семејно насилство, локални заедници во кои млади луѓе живеат во неповолна положба, општествено одговорни компании***

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

***Општина: Скопје***



***Состанок на групата за животни вештини и градење на капацитетите за влез во светот на работата***

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

1. *Воспоставување процес за Оспособување за вработување во Скопје:*
   - *Координативен состанок меѓу партнерите на проектот за дефинирање на тимот за координација на проектот,*
   - *Избор на обучувачи и формирање на групите корисници,*
   - *Обука на избраните обучувачи, состаноци за размена на знаења и семинари со обучувачите.Обуката на македонските обучувачи беше олеснета и спроведена од двајца овластени обучувачи од ТјетерВизион што имаат долгогодишно искуство во примената на методологијата за оспособување за вработување2. Подобрени социјални вештини на 90 невработени млади лица и жртви на семејно насилство:*
   - *Фаза 1 на циклусот за оспособување:животни вештини – доживотно учење.Видовите обуки се избрани во согласност со индивидуалните развоен план на корисникот.Курсевите за СОО начелно траат од 3 до 6 месеци, во зависност од достапните курсеви,*
   - *Мониторинг на спроведувањето на Фаза 1 на циклусот за оспособување.*
   - *3. Подобри можности за вработување и самовработување на 90 маргинализирани лица:*
   - *Фаза 2 на циклусот за оспособување:практиканство и вработување,*
   - *Обука на работно место, СОО, самовработување,*
   - *Мониторинг и поддршка на напредокот на корисниците по циклусот за оспособување.*





*Тестирање за професионална ориентација во АВРМ наменето за утврдување на стручните предиспозиции на корисниците*

# ГЛАВНИ АУТПУТИ/КРАЈНИ ПРОИЗВОДИ:

1. *Меморандум за разбирање потпишан со МТСП и АВРМ; поддршка на проектот од националните институции*
2. *10 обучувачи се избрани и обучени согласно методологијата „Оспособување за вработување“*
3. *94 корисници се избрани за учество на обуката за ОЗВ*
4. *94 индивидуални развојни планови изготвени од корисниците*
5. *6 активности во заедницата спроведени од страна на корисниците*
6. *60 корисници успешно ја завршиле обуката на работно место/практикантство.39 посетувале и успешно ги завршиле обуките за СОО*
7. *Публикација „Оспособување за вработување“.*

# ГЛАВНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

- *1. Воспоставена модуларна обука за социјални вештини*
- *Цел: 1. Реализација: 1 (100%) основан сервис за „Оспособување за вработување“ во Скопје.*
- *2. Број обучувачи обучени од искусни инструктори*
- *Цел: 10. Реализација 10 (100%) обучени обучувачи со методологијата за оспособување за вработување*
- *3. Број корисници обучени преку ОЗВ*
- *Цел: 90. Реализација 94 (104%) лица од маргинализираните и ранливите категории ги подобрија своите социјални вештини*
- *4. Број корисници вклучени во обука на работното место/практиканство*
- *Цел:30. Реализација 30 (100%) обучени корисници на работно место преку практикантство.*
- *5. Број корисници што се стекнале со диплома од СОО*
- *Цел: 30. Реализација: во тек*
- *6. Број активности во заедницата кои ги развиле корисниците*
- *Цел: 6. Реализација 6 (100%).*

# ОДРЖЛИВОСТ:

1. ***Потпишан е МзР со МТСП и АВРМ***
2. ***10 локални обучувачи се обучени за методологијата за Оспособување за вработување***
3. ***Вклучување на локалните власти и локалните НВО во проектот***
4. ***Осигурени се мерки за видливост и промовирање на проектот и методологијата***
5. ***Изготвени се индивидуални развојни планови за секој корисник***
6. ***Дисеминација на проектните активности и резултати***
7. ***Воспоставена соработка со јавните институции што се одговорни за работа со маргинализираните млади луѓе***
8. ***10 корисници на проектот се вработени во текот на спроведувањето на проектот како резултат на активноста за практикантство***
9. ***Партнерите за спроведување на проектот се заинтересирани за продолжување со работа во оваа област.***



***Учесници на состанок на група во СОС Детско село***

„На младите лица што престојуваат во нашата установа им недостигаше самодоверба да се справат со животот по напуштањето на домот.Оваа слабост беше особено поврзана со работата. Им недостиаше, така да се каже, завршната алатка и вештини за надминување на чувството на маргинализираност и за да се изборат за своето место на пазарот на трудот и да најдат вработување. Проектот Оспособување за вработување ги зајакна нивните социјални вештини и им овозможи да ја стекнат потребната самодоверба што им недостигаше за да се вклучат и активно да учествуваат на пазарот на трудот.“(Стевчо Соколовски, Директор на Домот за згрижување деца со воспитни проблеми „25 Мај“, јавна установа во која се или биле згрижени корисниците на проектот)

Јас сум самохран татко на две малолетни деца, на возраст од пет (5) и седум (7) години. Се соочив со најтешката одлука во својот животда се откажам од грижата за своите деца и поради тешката економска ситуација да ги сместам во организацијата СОС Детско село.

Проектот ми помогна да добијам старателство за своите деца и да се вклучат во образовниот систем и да посетуваат редовна училишна настава.И јас и моите деца добивме целосна поддршка од „Алка“ преку донации и средства што се неопходни за нормален живот.

Вториот чекор што го направив за да го подобрам својот живот беше одлуката да работам на себеси и на своето образование за да добијам можности за вработување.За таа цел, се приклучив на циклусот обуки што ги нуди овој проект. Оваа можност ми беше многу важна и се однесував позитивно и се стекнав со самодоверба.Во втората фаза на циклусот за оспособување добив можност да учествувам во обука на работно местопрактична работа како мајстор за малтерисување.Сопственикот на компанијата Техноимпекс беше и повеќе од задоволен од моето работење и односот кон работата. Токму затоа, по завршувањето на обуката тој ми понуди вработување како молер.

На крајот, благодарејќи на можноста што ми се укажа, благодарение на поддршката од „Алка“ и сите вклучени страни во проектот „Оспособување за вработување“ мојата тажна животна приказна доби среќен почеток, приказна полна перспективи, вредна да се живее. Успеав да создадам нова, моја, надежна животна приказна што ветува подобар живот за мене и за моите деца.

(Фадиљ Емин, корисник на проектот)


**КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:**
**Центар за одржлив развој „Алка“ - Скопје**
**Партизански одреди 62, 1/16 Скопје, Македонија**
**alka@alka.org.mk**
**www.alka.mk**
**https://www.facebook.com/CSDALKA/**

**ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ:**
**www.alka.mk**

**ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:**

**Организација ТјетерВизион - Тирана**
**AqifPasha 9, Elbasan, Albania**
**tjetervizion@gmail.com**
**www.tjetervizion.org**

**CIES Центар за информации, образование и развој – Рим**
**Merulana 198, Rome, Italy**
**cies@cies.it**
**www.cies.it**

# ЦЕНТАР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ

**Повик ИД бр.**: *EuropeAid/136315/ID/ACT/MK*

**Договор бр.** *12-8406/1*

**Времетраење:** *12 месеци*

**Период:** *29.12.2016 – 28.12.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*

**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјално вклучување на маргинализираните лица*

**Буџет:** *181,180.50 ЕУР*

**Придонес на ЕУ:** *172,121.48 ЕУР*

## ОПШТА ЦЕЛ:

*Да се зголеми интегрирањето на лицата со попреченост и како лица под ризик од социјално исклучување од пазарот на трудот преку подобрување на нивните вештини, образование и квалификации, како и развивање на услуги во заедницата што го олеснуваат нивното целосно интегрирање на отворенио т пазар на труд*

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

*1. Да се развијат и спроведат посебни услуги за вработување и иновативни пристапи што се приспособени кон потребите на лицата со попречености*
*2. Да се формира кохерентен и одржлив пат кон вработувањето на лицата со попречености*
*3. Да се поддржи и унапреди вклучувањето на лицата со попречености на отворениот пазар на трудот и нивното целосно учество во општеството*

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

*Лицата со попречености и претпријатијатана отворениот пазар на трудот.*

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

*1. Скопје и други поголеми градови во земјата*



*Работилници: Самозастапување во процесот на интервјуирање. Напредна обука за компаниите со потенцијалните работодавачи.*

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИАКТИВНОСТИ:

1. *Воспоставување иновативна служба за вработување за лицата со попречености*
   - *Центарот за вработување лица со попречености е оперативен со воспоставени служби*
2. *Зајакнување на потенцијалите за вработување за лицата со попречености*
   - *Спроведени се курсеви и обуки за ЛСП за зголемување на нивната вработливост*
3. *Промовирање индивидуални и кохерентни патеки кон вработување*
   - *Спроведени се девет практикантства во центарот и во партнерските компании*
4. *Спроведување иновативни посебно приспособени активности наменети за развој на вештините, знаењето, вработливоста и самодовербата на ЛСП*
   - *Спроведени обуки и работилници насочени кон индивидуалните потреби за надминување на препреките за вработување*
5. *Надградување на капацитетите на претпријатијата за вклучување на ЛСП и зајакната општествена/корпоративна одговорност: o Спроведување обуки и работилници за претпријатијата за да се олеснат процесите за вработување на ЛСП.Услуги за поддршка во унапредувањето на постоечките вработувања се спроведуваат во текот на целиот процес*
Немавме идеја за работа. Вие дојдовте и нѐ побаравте. Пристигнавме, учевме, научивме и ова е нашиот резултат.“
(Група Ромки што се стекнаа со вештини за компјутерски дизајн)

**КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:**
**ОРТ – Обука за одржлив развој - Скопје**

JaneSandanski 61/47, 1000 Skopje
+38970359-882, +3892511-1345
www.ort.mk
www.facebook.com/ORT-training-for-sustainable-development-ОРТ-обука-за-одржлив-развој-123037594435135

***ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ:***

www.facebook.com/ednakvimoznostinaromki/

***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***

***Ромска асоцијација за жени и млади „Лулуди“ - Скопје***

Makedonsko-kosovskabrigada 61, 1000 Skopje
+38970726-538, +3892616-1187
www.luludi.mk
www.facebook.com/romaNgololuludi

# ПОДДРШКА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ РОМКИ И ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK* **Договор бр.:** *12-9146/1*

**Времетраење:** *15 месеци*

**Период:***15.12.2015 – 15.03.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*

**Подобласт на политики :***Интегрирање на малцинските етнички заедници на пазарот на трудот со посебен фокус на жените*

**Буџет:** *67,100 ЕУР*

**Придонес на ЕУ:** *61,000 ЕУР*

## ОПШТА ЦЕЛ:

*Да се унапреди социјалната вклученост на жените во неповолна положба, со посебен фокус на жените Ромки и жените од други етнички малцинства, создавајќи еднакви можности за пристап на пазарот на труд*

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

1. *60 жени вкупно:*
   - *жени Ромки*
   - *жени од други етнички малцинства*

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

*Општини: Скопје, Куманово и Битола*

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

*1. Да се олесни вклученоста на жените Ромки и жените од други етнички малцинства на пазарот на труд, преку зајакнување на нивните вештини и квалификации, на тој начин помагајќи ја нивната целосна интеграција во општеството*
*2. Да се зајакне улогата на Агенцијата за вработување во спроведувањето на програмата за социјална вклученост на жените Ромки и жените од други етнички малцинства, со посебен фокус на градењето партнерства и соработка*
*3. Да се подигне свеста за економска независност и општествена и трудова интеграција на жените во неповолна положба, особено жените Ромки*
*4. Да се помогне личниот развој преку изготвување лични планови за развој за секој учесник во проектот, со цел да им се олесни барањето работа и влезот на пазарот на труд*



*Обука „Како се пишува кратка биографија“, НВО„Баирска Светлина“, Битола*

## РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

1. *Барателите на работа лично се развиваат, личните планови за развој се изготвени и се спроведуваат:*
   - o *Личен развој на барателите на работа, вклучувајќи подготовка и спроведување на планови за личен развој,*
   - o *Пристап до заедницата – информативни сесии,*
   - o *Индивидуални процени за избор на корисниците,*
   - o *Изготвување планови за развој,*
   - o *Советодавни активности за барање работа.*
2. *Изготвување и организирање посебни обуки во согласност со потребите на целната група:*
   - o *Изготвување и организирање посебни обуки во согласност со потребите на целната група,*
   - o *Организирање курсеви за развој на стручни, општи, јазични и основни ИТ вештини во соработка со Агенцијата за вработување*
   - o *Организирање обуки на работно место.*
3. *Пречките што го отежнуваат учеството на жените на пазарот на труд се надминати:*
   - o *Надминување на пречките што го отежнуваат учеството на жените на пазарот на труд.*



*Обука„Како се однесува на интервју за работа“, училиште „26 јули“ , Скопје*

## ГЛАВНИ АУТПУТИ/КРАЈНИ ПРОИЗВОДИ:

1. *9 жени Ромки од проектот беа вработени, 7 во Скопје и 2 во Куманово.Целта беше да се вработат 5% од 60 жени, што значи дека до крајот на проектот 3 жени ќе бидат успешно вработени.Бидејќи работевме со 52 жени, а 9 се вработија, постигнатиот процент е 300%*
2. *5 жени Ромки од Скопје учествуваа на курсевите за компјутери организирани од страна на АВРМ*
3. *12 жени Ромки биле регистрирани во АВ Скопје; 7 станале активни баратели на работа*
4. *20 жени Ромки бие регистрирани во АВ Куманово; 4 учествувале на курсеви за компјутери, негувателки и јазични курсеви*
5. *16 жени Ромки бие регистрирани во АВ Битола; 2 се пријавиле и биле избрани од АВ за јазични и сметководствени курсеви*
6. *Вкупно 48 жени Ромки биле регистрирани како активни баратели на работа во АВРМ*

## ГЛАВНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

1. *Број на информативни сесии*
   - o *Цел:6 сесии, по 2 во секој град.Постигнато: 100%*
2. *Број на потенцијални корисници што присуствувале на информативните сесии*
   - o *Цел: 60. Постигнато: 200% (120)*
3. *Број на активности за мотивација со цел да се изберат корисниците на проектот*
   - o *Цел:3 активности (60 жени).Постигнато: 100%*
4. *Број на избрани жени да учествуваат во проектот*
   - o *Цел:60 жени, 20 по град.Постигнато: 100%*
5. *Број на спроведени поединечни процени*
   - o *Цел: 60. Постигнато: 100%*
6. *Број на изготвени и развиени лични планови за развој*
   - o *Цел: 60. Постигнато: 100%*
7. *Број на жени што добиле советување на професионална ориентација*
   - o *Целна вредност: 60. Постигнато: 92% (52)*
8. *Број на спроведени работилници*
   - o *Цел:3 работилници, по 1 во секој град.Постигнато: 100%*

## ОДРЖЛИВОСТ:

***Склучениот Меморандум за разбирање во Шелтер центарот и Агенцијата за вработување ќе служи како солидна основа за бараната институционална одржливост и за реализација на слични активности во иднина.Акцијата исто така ќе придонесе за подобрување на капацитетите на организациите што спроведуваат преку генерирање дополнително искуство во однос на прашања поврзани со долгорочната невработеност кај жените коишто се жртви на семејно и родово насилство.На овој начин, организациите што спроведуваат ќе бидат во позиција да влијаат на креаторите на политики (Владата) по завршувањето на акцијата за да најдат соодветни решенија на долг рок***



***Обука „Како се однесува за време на интервју“, НВО„Дром“, Куманово***

**КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:**
**Македонски центар за женски права„Шелтер центар“ – Скопје**

Вера Јоциќ, 35, 1000

Скопје +389 75 43 00 43

**ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

**Центар за ромската заедница„Дром“ –**

Локалитет Серава 5/7а, 1300

Куманово +389 31 411 406

info@drom.org.mk

***ДЕТАЛИ ЗА КОНТАКТ:***

shelter_centar@gmail.com

www.facebook.com/МЦЖП-Шелтер-Центар-1705979429670100

„На почетокот, мислевме дека ќе биде предизвик и ризик за нашето претпријатие ако ангажираме лица со понизок социјален статус и речиси без образование. Но, наше изненадување, жените кои дојдоа на интервјуто за работа очигледно беа неверојатно мотивирани и добро подготвени да разговараат со некој што нуди работа.
Сите донесоа со себе кратка биографија и писмо за мотивација.Овој чекор значеше многу за нашето претпријатие. Сфативме дека независно од образованието и општествениот статус, мотивацијата беше најсилна кај овие жени.
Нашето искуство зборува дека токму овие лица се најсоодветни за вработување во претпријатието.
Ангажиравме многу жени, повеќе од 10, но вработивме и членови од нивните потесни и пошироки семејства што дознаа дека нашето претпријатие нуди слободни места.
Ќе ни претставува задоволство во иднина да ги примиме сите кандидати што се стекнале со ваква обука.“
(Катерина Поповска, засегната страна во проектот, „Securicom“ професионален сервис за чистење)

„Не ги исполнував сите критериуми за да учествувам во проектот, но знаев дека ова ми беше последна шанса да направам нешто за себе и за моите ќерки. Заработував чистејќи куќи, но мојот сон беше да бидам официјално вработена. Моите ќерки завршија средно училиште и беа невработени. Не сакав и тие да се мачат секој ден чистејќи куќи како мене.
Едукаторите од овој проект ме најдоа во Топаана, прашувајќи ме каде е локалната НВО каде што одеа. Кратко ми ја објаснија можноста за едукација што ја нудеа:да се обучат невработени жени и да им се помогне да најдат работа.
Веднаш ја прифатив оваа исклучителна можност. Им се воодушевував на обучувачите, две млади девојки што се спријателија со сите нас. Чувствував дека нема дискриминација, дури излегувавме на кафе заедно.
Научивме како да напишеме кратка биографија и писмо за мотивација. Нè однесоа во АВРМ.
Еден ден една од обучувачите ми кажа дека ми закажала состанок преку агенција за вработување со директори на еден хотел. Носев кратка биографија, но ја земав и ќерка ми со мене. Во ист ден двете најдовме работа!!! Не ми се веруваше колку имав среќа! Ми кажаа да отворам сметка во банка!
Јас ќе сум доживотно благодарна на овој проект. Мојот живот веќе не е ист. Со мојата плата можам да купам храна, па дури и облека за мене и за моите ќерки.Ќерка ми е посигурна и среќна. Оваа авантура не беше тешка, само ни беше потребна рака што нуди помош да ни покаже како да успееме! Сега се молам само за здравје, бидејќи платата ми е добра, и моите деца се здрави и среќни...
Можам да живеам до 102!“
(Азиме Мамути, корисник на проектот, 46 години, Топаана)

# ПАТЕКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ОДРЖЛИВА ИНТЕГРАЦИЈА НАРОМИТЕ НА ПАЗАРОТ, ОСОБЕНО НА ЖЕНИТЕ РОМКИ (PATHSKILL)

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:***12-1895/1*

**Времетраење:** *15 месеци*

**Период:** *06.04.2016 – 05.07.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*

**Подобласт на политики:** *Интегрирање на малцинските етнички заедници на пазарот на трудот со посебен фокус на жените*

**Буџет:** *191,888.61 ЕУР*

**Придонес на ЕУ:** *182,294.18 ЕУР*

## СЕВКУПНА ЦЕЛ:

***Проектните активности придонесоа кон националните напори за намалување на сиромаштијата и социоекономската инклузија на ромите, посебно жените ромки, согласно целите на националните стратегии, создавање еднакви можности за сите за влез на пазарот на трудот***

## СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ:

***Специфичната цел на активноста е овозможување одржлива интеграција на пазарот на трудот за поединците од ромската етничка заедница, посебно жените, преку јакнење на нивните потенцијали за вработување и премостување на пречките за нивното учество на пазарот на трудот***

## ЦЕЛНА ГРУПА/ КОРИСНИЦИ:

1. ***180 директни корисници од ромската етничка заедница, со фокус на жените ромки***
2. ***Повеќе од 1200 лица од семејствата на корисниците, заедниците во целост кои ќе имаат корист од зајакнатата социоекономска инклузија на ромското население***

## МЕСТОПОЛОЖБА НА АКТИВНОСТА:

1. ***Скопје: општините Чаир и Шуто Оризари***
2. ***Тетово***





***1. Доделување сертификати; 2. Стручна обука – маникир***

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

1. *Зајакнати работни вештини кај корисниците:*
   - *Обуки за стручни вештини - негуватели за стари лица, козметичари, фризери, шиење/кроење*
   - *Обуки на работно место*
2. *Зајакнати клучни компетенции за работно место кај 180 корисници:*
   - *Обука за меѓучовечки и комуникациски вештини,*
   - *Мотивациски работилници*
3. *Зајакнати изгледи за вработување на корисниците преку активности за барање работа:*
   - *Активности и посредување при барање работа*

## Клучни резултати/реализирани цели:

*1. Направен Видео материјал „Вашиот пат до вработување“. Во текот на проектот, видеото допре до 48.405 луѓе и имаше 17.718 прегледи*



*Обуки за стручни вештини – фризери*

## КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

1. *Најмалку 180 корисници беа вклучени во обуките за вештини и активности за барање работа*
   - *Реализација:118% (212 корисници беа обучени за меѓучовечки и комуникациски вештини)*
2. *Најмалку 90% од 60 корисници се стекнаа со сертификат за завршени обуки за вештини*
   - *Реализација: 98% (59 корисници се стекнаа со сертификати)*
3. *Најмалку 30% од 54 корисници се вработија за времетраењето на проектот*
   - *Реализација: 37% (20 корисници, кои учествуваа во обуките за стручни вештини, најдоа работа)*

# ОДРЖЛИВОСТ:

1. *На Facebook страницата на проектот продолжија да се објавуваат вработувања, образование и други можности за ромското население*
2. *Сите слободни работни места што се усогласени со капацитетите што ги поседуваат корисниците и со нивното образование ги објавува ИОМ, така што тие се навремено информирани*




*Фејсбук страница на проектот*

*Вклучувањето на нашето друштво во овој проект, т.е. обуките што ги обезбедивме за Ромките, ни помогна да стекнеме целосно ново искуство и во голема мера го олесни нашето секојдневно работење. Истовремено, на 15 жени им беше обезбедена обука за шиење и се стекнаа со сертификати што секако ќе им овозможат да ја обезбедат својата егзистенција, социјализација и социјална инклузија. Кандидатите за обуката во Тетово беа посебно редовни и заинтересирани, со јасна посветеност на наоѓањето работа како шивачки. Во текот на целото петмесечно времетраење на обуката за шиење, ние добивавме несебична поддршка од персоналот на ИОМ. Би биле и повеќе од задоволни даземеме активно учество во некој сличен проект во иднина.*

*(Анастасија Панева, засегната страна во проектот, Модно студио „Лиа“ – „Хипа“ ДООЕЛ).*

| | |
|---|---|
| ***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***<br><br>**Меѓународна организација за миграции (ИОМ) - Скопје**<br>Јордан Мијалков 50а, 1000<br>Скопје +389 2 308-8100<br>www.iomskopje.org<br>www.facebook.com/iomskopje | **ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**<br>**Асоцијација за демократски развој на ромите „Сонце“**<br><br>**Тетово**<br>Иво Лола Рибар 381/3,П фах 159,1200 Тетово<br>+389 44 352 390<br>www. sonce.org.mk<br>www.facebook.com/RomaDemocraticDevelopmentAssociationSonce<br>**Здружение за развој на ромската заедница во Македонија „Сумнал“ – Скопје**<br>+3892 2 611 219 **– Skopje**<br>www.sumnal.mk MaksutSadik bb, 1000 Skopje<br><br>www.facebook.com/Sumnal-Association-for-development-of-the-Roma-community-in-Macedonia-51109100886 |
| ***КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ:***<br><br>www.facebook.com/PATHSKILL/ | |

# ОЛЕСНУВАЊЕ НА ИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9126/1*

**Времетраење:** *20 месеци*

**Период:** *14.12.2015 –14.08.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Интегрирање на малцинските етнички заедници на пазарот на трудот со посебен фокус на жените*
**Буџет:** *127,864.80 ЕУР*
**Придонес на ЕУ:** *112,201.36 ЕУР*

## СЕВКУПНА ЦЕЛ:

*Да се олесни процесот на интеграција на младите лица од етничките малцинства во Македонија и да се зголеми нивната конкурентност на пазарот на труд*

## ЦЕЛНА ГРУПА/ КОРИСНИЦИ:

1. *Млади невработени лица од етничките малцинства, со завршено средно образование*
2. *Ромската заедница (30%)*
3. *Жени*
4. *Потенцијални работодавачи.*
5. *Соодветни граѓански организации*

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

*Општини: Скопје (Сарај), Куманово, Тетово и Штип*

## СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ:

*1.Да се зголеми вработливоста и вештините за самовработување на младите лица од етничките заедници преку флексибилно структурирани програми за градење капацитети врз основа на поединечните процени на нивото на вештини*
*2.Да се помогне да создадат нови бизниси од млади лица од малцински етнички групи*
*3.Создавање работна група за градење капацитети за постојана поддршка на младите лица од малцинствата во нивниот професионален развој*





*Спроведување на наградени бизнис планови*

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

1. *Подготовка на локални услови за спроведување на активноститеÑ*
   - *7 промотивни настани организирани во 4 региони за 167 млади лица*
   - *Кариерно советување реализирано за 153 млади лица*
2. *Воспоставена база на чинители/засегнати страниÑ*
   - *Идентификација и соработка со 20 чинители*
3. *Обука на млади лица од етничките малцинства:*
   - *4 обуки за вработливост реализирани за 117 млади лица*
   - *Реализирани курсеви за претприемачи за 150 млади лица*
   - *Реализирани креативни работилници за 50 жени од руралните средини*
   - *Обезбедени 30 практикантски ангажмани*
   - *Реализирани онлајн курсеви за вработливост и 3 курса за самовработување за 53 учесници (15 учесници запишани како онлајн ученици)*
4. *Локални активности за континуирано вработување и поддршка за самовработување:*
   - *Организирана обука за обучувачи за 20 граѓански организации и јавни институции*
   - *Воспоставени и наградени 5 бизниси*
   - *Воведување канал за онлајн продажба за занаетчиски производи*



*Канал за онлајн продажба за занаетчиски производи*

# КЛУЧНИ ИСХОДИ/РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ:

1. *Организација на промотивни настани*
2. *Кариерно советување за млади од етничките малцинства*
3. *Обуки за зголемување на вработливоста и вештини за самовработување*
4. *2 месечна програма за практиканти*
5. *Конкурс за бизнис план и доделени субвенции*
6. *Креативни работилници*
7. *Веб страница за е-трговија*
8. *Обуки за граѓански организации и јавни институции*
9. *Онлајн курсеви за вработливост и самовработување*

# КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

1. *Организирани 6 промотивни работилници за 120 учесници*
   - *Реализација: 136%; Информирани беа 163 млади лица во 7 промотивни настани*
2. *Кариерно советување за 150 млади лица*
   - *Реализација: 102%; Консултации за 153 млади лица.*
3. *Беа обучени 255 млади лица за вештини за вработливост и самовработување*
   - *Реализација: 103,5%; Обучени 264 млади лица.*
4. *Реализирани 30 двомесечни практикантства*
   - *Реализација: 100%; реализирани 30 практикантски ангажмани*
5. *Основани 5 нови бизниси.*
   - *Реализација: 100%; Основани 5 нови бизниси.*
6. *Креативни работилници за 50 жени од руралните средини.*
   - *Реализација: 100%; Учествуваа 50 жени.*
7. *Отворена веб страница за е-трговија.*
   - *Реализација: 100%.*
8. *Обука за обучувачи за 20 организации од граѓанскиот сектор.*
   - *Реализација: 100%; Обучени 20 организации од граѓанскиот сектор*
9. *Создадени и реализирани онлајн курсеви за 40 млади лица*
   - *Реализација: 132.5 %; Обучени 53 лица*

# ОДРЖЛИВОСТ:

1. *Редизајн на веб страницата pretpriemac.mk.*
2. *Воведување канал за онлајн продажба за занаетчиски производи – eshop.pretpriemac.mk.*
3. *Отворени 5 бизниси кои продолжиле со функционирање и по завршување на проектот.*
4. *Онлајн курсеви за вработливост и самовработување, развој и достапни за поширокота публика.*

„Овој проект целосно одговори на потребите на ромското население за стекнување ИТ вештини, со цел да се интегрираат на пазарот на трудот“.
(Насер Ахмед, Координатор во ЦДРИМ, засегната страна во проектот)



„Овој проект ми помогна да се определам за кариера. Основав своја фирма и ми се оствари мојот сон да станам претприемач“.
(Ведат Џафери, еден од победниците на конкурсот за бизнис план)

*Роми и албанци учесници во ИТ курсеви*

***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

Фондација за претприемачки сервис за млади–Скопје Ул. 16 Македонска бригада13 В, 1001 Скопје, Македонија
+389 2 310-3660
www.yes.org.mk
www.facebook.com/YES.Foundation/
Fb/YES.Foundation
https://twitter.com/biznisinkubator

***КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ:***

www.pretpriemac.mk
www.facebook.com/pretpriemac.mk

***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***

ЗИП ИНСТИТУТ–Скопје
Ул. Партизански одреди 106/ 1-3, 1000 Скопје, Македонија
+389 2615-9832
zipinstitute.mk
www.facebook.com/zipinstitute/

Македонска организација на жени ромкиДАЈА–Куманово
Ул. Иво Лола Рибар 46, 1300 Куманово, Македонија
+389 31413-662
www.daja.org.mk

Фондација “FUTURE 21st Century”–Пловдив
Ул. „Kamenitsa 2“, стан бр.6, 4000 Пловдив, Бугарија
+359 88 868-6872

# ЖЕНИ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ: КЛУЧ ЗА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9140/1*

**Времетраење:** *18 месеци*

**Период:** *14.12.2015– 14.06.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:** *Интегрирање на малцинските етнички заедници на пазарот на трудот со посебен фокус на жените*
**Буџет:** *116,883 ЕУР*
**Придонес на ЕУ:** *109,543 ЕУР*

## ОПШТА ЦЕЛ:

*Да се зголеми учеството на руралните жени од етничките заедници на пазарот на трудот преку создавање можности и стимулативно окружување за нивно вработување и самовработување*

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

1. *Да се изготви и спроведе посебно приспособена програма за градење капацитети во согласност со индивидуалните потреби и услови на жените од етничките малцинства*
2. *Да се поддржи развојот и проширувањето на економските активности и самовработувањето на жените од руралните средини*
3. *Да се осмисли и воспостави механизам/ советодавно тело во областа на мерките и практиките за вработување што се фокусирани на жените од етничките малцинства*

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

1. *Жени од етничките заедници (турска, албанска, бошњачка, како и македонска) на возраст од 20-45 години*
2. *150 жени од руралните области во Полошкиот регион се директно вклучени во спроведувањето*

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

*Рурални општини во Полошкиот регион:Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Теарце, Желино, Маврово и Ростуше, Јегуновци*





*1. Жени на курс за шиење; 2. Доделување сертификати; 3. Жени на курс за собирање шумски растенија/печурки.*

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

1. *Анализа на избраните општини во однос на вработувањето на жените од етничките заедници:* ○
   - o *Процес за мапирање*
2. *150 жени од Полошкиот регион се вклучени во проектните активности и изготвените ИАПВ се посебно приспособени кон реалните потенцијали на корисникот:*
   - o *Процес за селекција на 150 жени*
   - o *Изготвување 150 ИАПВ. (индивидуални акциски планови за вработување)*
3. *Испорачани и спроведени општи и посебно приспособени обуки во согласност со анализата на индивидуалните потреби од обука:*
   - o *Анализа на потребите од обука и план*
   - o *Изготвување комплети од материјали за обука и прирачник за обука*
   - o *Спроведување обуки за практични вештини (шивачки, фризерки и козметичарки)*
4. *Најмалку 100 жени се обучени и лиценцирани како собирачи на шумски растенија во Полошкиот регион:*
   - o *Спроведување обуки за собирачите на шумски растенија*
5. *Проширување најмалку 10 мали претпријатија во сопственост на жени со дополнително вработување жени и најмалку 10 ново отворени претпријатија во сопственост на жени:*
   - o *Спроведување обуки за самовработување и развој на мали претпријатија (деловни планови).*




*1. Образование за основање претпријатија; 2. Образование за мали и средни претпријатија што се раководени од жени*

# ГЛАВНИ АУТПУТИ/КРАЈНИ ПРОИЗВОДИ:

*1. Процес за мапирање.Процена за мапирање и извештај за целните групи (процената е достапна на барање на office@zlrr.org.mk)*
*2. Процена на потенцијалите за вработување, вештините и изготвување индивидуални акциски планови за вработување.Изготвени ИАПВ*
*3. Развој на обуки.Документ со детална анализа на потребите од обука*
*4. База на податоци со жените што добиле обука за нивно сертифицирање како собирачи на шумски растенија и печурки*
*5. База на податоци со идентификувани можности за отворање мали претпријатија*
*6. База на податоци со идентификувани мали претпријатија во сопственост на жени со потенцијал за проширување*
*7. Промотивни материјали и материјали за зголемување на видливоста:информативни брошури за проектот, летоци, банери, папки, бележници, пенкала и документарен филм (достапни на барање на office@zlrr.org.mk)*

# ГЛАВНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

1. *Очекуван резултат:150 жени од Полошкиот регион се вклучени во проектните активности и со изготвени ИАПВ.*
   - o *Реализација:120% (Вкупно 180 жени се вклучени во проектните активности)*
2. *Очекуван резултат:Најмалку 100 жени се обучени и лиценцирани како собирачи на шумски растенија во Полошкиот регион*
   - o *Реализација:100% (100 жени се обучени и сертифицирани како собирачи на шумски растенија)*
3. *Очекуван резултат:Практични вештини и обука на работното место за 30 жени*
   - o *Реализација:200% (60 жени се обучени за практични вештини за шивачки, фризерки и козметичарки)*
4. *Очекуван резултат:Изготвени 20 деловни планови:10 за ново отворени претпријатија и 10 за проширување на МСП во сопственост на жени*
   - o *Реализација:100% (Изготвени се 20 деловни планови)*

# ОДРЖЛИВОСТ:

1. ***Дисеминација на информации на другите жени од етничките заедници за можностите за вклучување во активности што се обезбедуваат од центрите за вработување, локалната самоуправа, граѓански организации***
2. ***Одржување постојани контакти со единиците на локалната самоуправа за осигурување на ефектите на проектните активности***
3. ***Изградени капацитети за основање на локални бизниси и база за идна поддршка во развој на мали бизниси***

*Јас сум многу задоволен од овој проект и неговите активности. Добивме можност да ги вклучиме жените од оваа област со цел да ја зајакнеме нивната свест за тоа дека самите може да ги издржуваат своите семејства.“ (Икмет Ејупи, вработен во Националниот парк Маврово / соработуваше со проектниот тим во осмислувањето и спроведувањето работилници за собирање шумски растенија и печурки)*

*„Цел живот сакав да станам квалификувана шивачка, но никогаш не добив можност за тоа. Благодарејќи на овој проект, го совладав процесот за шиење преку теоретска и практична работа. Сега имам можност да го работам она што навистина го сакам. Обуката беше многу интересна и поучна; научив нешта што не ги знаев. Сега можам полесно и со поголема самодоверба да се пријавувам за работа!“*

(Ибадет Амети, корисник на проектот)



***Почетен состанок со засегнатите страни во општина Боговиње***

***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

**Здружение за локален рурален развој – Тетово**

Маршал Тито, Унибал, локал 18,1000
Скопје +389 2324-6793
www.zlrr.org.mk
www.facebook.com/ZLRR.ALRD

***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***

Општина Боговиње

Улица 1, 1220 Боговиње
+389 44 371-500
www.komunabogovine.gov.mk

***ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ:***

www.ruralwomenkeg.wordpress.com

# ОБУЧИ СЕ, ДОБИЈ ПОДДРШКА, ВРАБОТИ СЕ!

**Повик ИД бр.** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-9162/1*

**Времетраење:** *20 месеци*

**Период:** *14.12.2015 – 14.08.2017*

**Област на политики:***Социјална инклузија*
**Подобласт на политики:***Интегрирање на малцинските етнички заедници на пазарот на трудот со посебен фокус на жените*
**Буџет:** *83,638.45 ЕУР*
**Придонес на ЕУ:** *79,456.53 ЕУР*

## ОПШТА ЦЕЛ:

*Интегрирање на жените од етничките малцинства на пазарот на трудот*

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

1. *Спроведување стручни обуки*
2. *Спроведување индивидуално советување*
3. *Создавање услови за одржливо вработување*

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

*1.Работоспособни жени од етничките малцинства*
*2.Жени од етнички малцинства, бизнис сектор и национални и локални државни институции*

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

*Источен плански регион во земјата, 11 општини: Штип, Карбинци, Кочани, Чешиново-Облешево, Зрновци, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево, Берово и Пробиштип*



*Обука на крајните корисници, претходно обучени обучувачи со помош од искусни обучувачи*

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

*1. Развој и спроведување посебно приспособени обуки:*
*o Студија со ограничен опсег*
*o Теоретска и практична обуки*
*2. Наоѓање соодветни работни места во соработка со локалните работодавачи:*
*o Серија инфо денови*
*3. Градење на капацитетите на најмалку 60 жени од етничките малцинства:*
*o Теоретска и практична обука*
*o Индивидуално советување*
*4. Индивидуално советување за планови за личен развој:*
*o индивидуално советување*
*5. Најмалку 10 лица се обучени за обучувачи:*
*o Обука на обучувачи*
*6. Најмалку 60 жени од етничките малцинства се вклучени во индивидуално советување*
*7. Најмалку 20 компании од регионот се вклучени во наоѓање соодветно работно место:*
*o Серија инфо денови*
*8. Подобрени социо-економски услови на малцинствата:*
*o индивидуално советување*
*o Серија инфо денови*



*Индивидуално советување за изготвување личен план за кариерен развој со претставници од целната група*

# ГЛАВНИ АУТПУТИ/КРАЈНИ ПРОИЗВОДИ:

- *Анализа на бројот на невработените жени, класифицирани според етничката припадност, нивото на образование, стекнатите вештини и регионот.Изготвена една студија со ограничен опсег*
- *Програми за обука на обучувачи и обука на крајните корисници.Материјали за обука изготвени на ЦД и поделени на засегнатите страни*

# ГЛАВНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

*1. Изготвени и спроведени акциски планови*
*o Очекуван резултат: 1. Реализација: 1 (100%)*
*2. Одржани обуки*
*o Очекуван резултат: 9. Реализација: 9 (100%)*
*3. Спроведена процена на потреби*
*o Очекуван резултат: 1. Реализација: 1 (100%)*
*4. Организирани инфо денови*
*o Очекуван резултат: 6. Реализација: 6 (100%)*
*5. Жени што учествувале на инфо деновите*
*o Очекуван резултат: 60. Реализација: 99 (165%)*
*6. Компании што учествувале на инфо деновите*
*o Очекуван резултат: 20. Реализација: 11 (100%)*
*7. Жени вклучени во индивидуално советување*
*o Очекуван резултат: 60. Реализација: 60 (100%)*
*8. Број на жени од етничките малцинства што учествувале во низа обуки*
*o Очекуван резултат:Најмалку 60. Реализација: 64 (106%)*
*9. Број на изготвени планови за кариерен развој*
*o Очекуван резултат: 60. Реализација: 60 (100%)*

*10 Спроведена обука на обучувачи.Број на обучувачи што добиле сертификати*
*o Очекуван резултат:1 ОнО + 10 обучувачи.Реализација:1 ОнО + 15 обучувачи (100% и 150%)*
*12 Број на жени вклучени во индивидуално советување*
*o Очекуван резултат: 60. Реализација:60 (100%)*
*13 ЦД со проектни материјали*
*o Очекуван резултат: 100. Реализација:100 (100%)*
*14 Број на компании што се домаќини на инфо денови*
*o Очекуван резултат: 20. Реализација:20 (100%)*
*15 Жени што ефективно бараат работа*
*o Очекуван резултат: 60. Реализација: 84 (140%)*
*16 Број на вработени жени*
*o Очекуван резултат: 10. Реализација:15 (150 %)*

## ОДРЖЛИВОСТ:

1. ***Студија со ограничен опсег, веродостојни информации за состојбата на целната група***
2. ***Обука на обучувачи, обучени 15 индивидуални советници за кариерен развој***
3. ***Индивидуално советување, изготвени 60 индивидуални планови за кариерен развој***
4. ***Серија од информативни денови, работодавачите и вработените оствариле првични контакти***



***Информативен ден во Делчево***

*„Ние, како работодавачи, постојано трагаме по квалификувани работници и вратите на нашата фабрика се секогаш отворени за заинтересираните баратели на работа. Овој вид на наоѓање соодветни работни места е од голема важност за нас, бидејќи контактот со потенцијалните вработени е непосреден.“*
(Кирил Насков, засегната страна во проектот, сопственик на текстилната фабрика „Ларс“ од Штип, домаќин на инфо ден во Штип)

„Јас работам со Ромките и им помагам да учествуваат во различни области од социјалниот живот. Обуката на обучувачи што ја поминат со проектот ќе ми овозможи да ги советувам во процесот за барање работа.“
*Бети Толевска, корисник на проектот, учесник во ОнО)

„Учеството во обуките ми помогна да ја разберам важноста на кратката биографија и ме подготви за интервјуата. Мојот личен план за кариерен развој ми помогна да ги преиспитам своите желби и склоности и ми даде можност повторно да размислам за тоа и да се фокусирам.На крајот целиот процес ми овозможи да стекнам самодоверба и на крајот да ја најдам работата што ја сакам. Сега сум вработен во текстилна фабрика и сум многу задоволен!“
(Џејлан Јусин, корисник на проектот, учесник во обуки и индивидуално

***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***

**Фондација за развој на локалната заедница - Штип**

LOCAL COMMUNITY DEVELOPMENT FOUNDATION

Сремски фронт, 2000

Штип +38935381-116

***ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ:***

www.frlz.org.mk

**ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:**

**Текстилно трговско здружение „Текстилен кластер“ - Штип**

Гоце Делчев бб 2000 Штип

+ 389 2324-4093

**Стопанска и индустриска комора на Родопите - Комотини**

Вас. Георгиоу 2Б Комотни, Грција

+30 25310 22831

**Агенција за економски развој - Костинброд**

АИР КОСТИНБРОД

Асен Златанов 8, Костинброд,

Бугарија + 359 2 813 96 00

# ИНКЛУЗИЈА НА ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/135012/M/ACT/MK*

**Договор бр.:***12-9133/1*

**Времетраење:** *18 месеци*

**Период:** *20.01.2016 –20.07.2017*

**Област на политики:** *Еднакви можности*
**Подобласт на политики:** *Интегрирање на малцинските етнички заедници на пазарот на трудот со посебен фокус на жените*
**Буџет:** *210,519.86 ЕУР*
**Придонес на ЕУ:** *199,993.90 ЕУР*

## ОПШТА ЦЕЛ:

***Овозможување инклузивен пазар на трудот во земјата, каде што сите граѓани, вклучувајќи ги и оние од ранливите категории, имаат еднаков пристап и можности***

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

***Зголемување на пристапот и присуството на жените од етничките заедници на пазарот на трудот во земјата, преку јакнење на нивните потенцијали за вработување и создавање поволна социјална средина***

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

1. ***Приближно 150 семејства од етничките заедници од целните региони се вклучени во теренските активности на проектот***
2. ***5 локални заедници вклучени во активностите на проектот во заедниците***
3. ***250 жени што учествуваат во обуките на проектот***
4. ***30 жени вклучени во компонентата за професионална практика***
5. ***Стручни лица од Агенција за вработување на Република Македонија***

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

***Општини: Скопје, Тетово, Битола, Куманово и Штип***




*1. Обука за меки вештини, Скопје, Шуто Оризари; 2. Обука за основи на деловно работење, Тетово*

# РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

*1.Зајакнати потенцијали за вработување на жените од етничките заедници:*
*o Спроведени 61 дена обука во 4 области:меки вештини, советување за вработување, родови концепти и основи на деловното работење, организирани 44 креативни работилници со учество на вкупно 360 деца*
*o 51% (167 жени) завршиле дополнителни 3 месечни стручни обуки и други курсеви*
*o 30 жени успешно ја завршиле 3-месечната професионална практика*
*2.Етничките заедници во земјата имаат поволни ставови кон вработувањето на жените и го поддржуваат нивното вработување:*
*o Над 200 семејства се утврдени како целна група за теренска психосоцијална поддршка од страна на 10 локални медијатори со методологија од врата на врата*
*o 406 учесници активно учествувале во 15 сесии за социјален дијалог*
*o Зајакнати капацитети на 5 локални граѓански организации за родови концепти, психосоцијална поддршка, утврдување целни групи и врски со засегнатите страни преку две дводневни обуки за родово образование и психосоцијална поддршка*
*3.Сеопфатни теренски активности за подобрување на социјалното окружување за вработување на жените од етничките заедници се успешно спроведени:*
*o 13 стручни лица од Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) учествуваа на дводневна обука за родови концепти*
*o 14 заеднички презентации со АВРМ за промовирање на активните мерки за вработување*



*Индивидуално советување за развој на личен план за кариера со претставници на целната група*

# ГЛАВНИ АУТПУТИ/КРАЈНИ ПРОИЗВОДИ:

1. *Извештај од проектно истражување (http://sheisbuildingfuture.org/en/research-on-women-s-employability/).*
2. *Брошура за проектот (http://sheisbuildingfuture.org/en/project-facts-and-results/).*
3. *Леток за проектот (http://sheisbuildingfuture.org/mk/liflet-taa-gradi-idnina-za-korisnitsi/).*
4. *Медиумска покриеност (https://www.youtube.com/channel/UCXjR18Bnjxj4zb0N33hrtRg/videos?view_as=subscriber).*

# ГЛАВНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

*1. Број на зајакнати жени преку обуките на проектот*
*o Очекуван резултат: 250. Реализација: 326 (130%)*
*2. Број на жени што се законски вработени до крајот на проектот*
*o Очекуван резултат:0 (не е првично планирано).Реализација:31 (100%, како дополнителна вредност)*
*3. Број на жени што посетувале дополнителни стручни обуки и добиле сертификати од лиценцирани институции, на тој начин станувајќи поконкурентни на пазарот на трудот*
*o Очекуван резултат:167 (вклучени по ревидирање на буџетот).Реализација:163 (98%, како дополнителна вредност).*
*4. Зголемување на мотивацијата за вработување. Број на жени што го промениле својот статус од пасивни во активни баратели на работа*
*o Очекуван резултат:0 (не е првично планирано).Реализација:75 (100%, како дополнителна вредност)*
*5. Број на жени што се пријавиле за активни мерки во АВРМ*
*o Очекуван резултат:0 (не е првично планирано).Реализација:7 (100%, како дополнителна вредност; 3 жени се квалификувале за добивање грант за самовработување, 2 се запишале како учесници во активната мерка - професионална практика)*
*6. Број на жени на коишто им било понудено вработување по добивањето сертификати од стручните обуки*
*o Очекуван резултат: 30. Реализација: 31 (103.33%)*

*7. Зголемениот број на учесници во сесиите за социјален дијалог е јасен показател за интересот за оваа тема*
*o 71 учесници во прviот круг, 135 учесници во вториот круг, 219 учесници во третиот круг*
*8. Број на препораки (вкупно) од сесиите за социјален дијалог се изготвени и ќе бидат споделени со локалните власти/институции*
*по локалните избори со цел да бидат вклучени во нивните службени планови за работа*
*o Очекуван резултат: 15. Реализација: 15 (100%)*
*9. Помалку од 5% од жените во првично утврдената целна група не биле во можност да учествуваат во проектните активности.Оваа информација се заснова врз интензивните теренски активности и психосоцијална поддршка за справување со традиционалните норми и ставови*
*10. Зајакнати капацитети, знаење и врски со локалните институции на 5 локални граѓански организации (10 нивни членови) на теми поврзани со родови концепти, основна психосоцијална поддршка, техники за олеснување, теренски активности, итн.(100%реализација)*
*11. Медиумски покривања на проектните активности на националните и регионалните ТВ, радија и во електронските медиуми*
*12. Очекуван резултат: 15. Реализација: 65 (433,33%)*

# ОДРЖЛИВОСТ:

*1. Зајакнати капацитети на 10 членови од 5 локални граѓански организации за нивно оспособување за вршење поквалитетна работа во заедниците на темите како што се прашањата на родовата еднаквост; борба против традиционалните норми; посредување, техники за олеснување, основи на психосоцијалната работа, итн. така што тие може да продолжат да ги користат овие техники самостојно или во партнерство со други институции/организации по официјалното завршување на проектот.*
*2. Зајакнати врски меѓу АНТИКО, локалните граѓански организации и релевантните засегнати страни така што тие ќе може да ја продолжат соработката и по завршувањето на проектот.*
*3. АНТИКО ја одржува веб страницата на проектот најмалку 3 години по завршувањето на проектот.*
*4. Најмалку 17 презентации за методологијата на проектот за повторување и натамошно користење од заинтересирани страни што се занимаваат со слични прашања.*

„Во оваа дејност сум 10 години, а со мојата градинка управувам 4 години. Јас бев директор на приватно училиште кога се породив.

Како млада мајка се соочував со многу проблеми во градот имаше само 5 градинки и јас бев ставена на листа за чекање за згрижување на моето дете.

Се запознав со мајки што се соочуваа со истиот проблем:и тие сакаа да работат но не можеа бидејќи немаше кој да им ги чува децата.

Така, ми дојде идејата да отворам градинка.Аплицирав во проектот за самовработување, ја поминав таа фаза и го добив грантот.

Се соочував со различни проблеми, но бев убедена дека ќе ги надминам и ќе успеам.Денес имам успешен бизнис“.

(засегната страна во проектот, мотивациски говорник на еден од настаните на проектот, Тетово)



*Родова обука за вработените во Агенцијата за вработување*

„Се двоумев дали да станам дел од обуките што се обезбедуваа преку проектот затоа што не верував дека тие може да ми дадат поддршка на каков било начин.
На крајот, одлучив да им дадам шанса и знаењето што го стекнав ми помогна самата да си изготвам кратка биографија и мотивациско писмо. Биографијата и писмото ги искористив за да се пријавам за професионална практика во Агенцијата за вработување во Куманово и бев примена. Сега посетувам професионална практика во Тутунска банка и постои дури и можност да добијам постојано вработување во банката по завршувањето на практиката.Истовремено одам и на курс по германски јазик што се обезбедува од проектот. Комбинацијата од професионалната практика и курсот по германски јазик ќе ми помогнат да ги зголемам моите способности и компетенции и, конечно, моите изгледи за вработување“.
(Ардиана Рамадани, Куманово, корисник на проектот)

| | |
|---|---|
| ***КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:***<br>**CareDeutschland / Luxembourg E.V**<br>Газменда Зајми 21, 10000<br>Приштина +38138224-779<br>contact@care.org | ***ПАРТНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА:***<br>**Женска граѓанска иницијатива „Антико“**<br>Вуковарска 23/1-2, 1000 Скопје, П. факс 1090-1010<br><br>+389 2 261-4641<br>contact@antiko.org.mk<br>antico@t.mk<br>www.antiko.org.mk |
| ***ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ЗА ПРОЕКТОТ:***<br><br>www.sheisbuildingfuture.org/en/home | |

FIT FOR THE FUTURE

# СПОСОБНИ ЗА ИДНИНАТА

**Повик ИД бр.:** *EuropeAid/136315/ID/ACT/MK*

**Договор бр.:** *12-8356/1*

**Времетраење:** *12 месеци*

**Период:** *24.12.2016 – 23.12.2017*

**Област на политики:** *Социјална инклузија*

**Подобласт на политики:** *Поттикнување социјално вклучување на маргинализираните лица*

**Буџет:** *208,656.00 ЕУР*

**Придонес на ЕУ :** *198,223.20 ЕУР*

## ОПШТА ЦЕЛ:

*Олеснување на интегрирањето и инклузијата на младите Роми што се надвор од образовниот систем, не се вработени и не се обучуваат на пазарот на трудот и зголемување на нивните изгледи за вработување*

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

*1. Зголемување на потенцијалот за вработување на младите Роми што се надвор од образовниот систем, не се вработени и не се обучуваат*
*2. Зајакнување на капацитетите на стручните лица што работат со младите луѓе во неповолна положба*
*3. Креирање прирачник за други заинтересирани организации или страни*

## ЦЕЛНА ГРУПА/КОРИСНИЦИ:

1. *Млади Роми што се надвор од образовниот систем, не се вработени и не се обучуваат (NEET) во Скопје*
2. *Стручни лица, персонал и волонтери што го спроведуваат проектот*
3. *NEET и нивните семејства; Локалната заедница во Топаана; Институции и НВО со мисија за подобрување на вработливоста на Ромите NEET*

## ЛОКАЦИЈА НА АКЦИЈАТА:

*Скопје, населба Топаана (каде што живее пред сè маргинализирано ромско население)*



*Учесници на курсевите за фризери/шминкери и шиење во центарот за обуа ЕВ*

## РЕЗУЛТАТИ И СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:

1. *Успешна подготовка на инструкторите за работа за задачите:*
   - *Обуки за инструкторите за работа со германски експерт*
   - *Изработка на методолошки материјали*
2. *Спроведување на курсеви за обука за описменување, компјутери и меки вештини:*
   - *Курс за описменување - учесниците го посетуваат курсот за да го подобрат своето познавање на македонскиот јазик*
   - *Компјутерска обука – учесниците стекнуваат знаење за основните компјутерски вештини (користење на MS Office, е-маил, итн.) за да може да напишат пријава за работа или да комуницираат со работодавачите*
   - *Обука за меки вештини - на учесниците им се помага да станат повешти во комуникацијата и тимската работа, точноста, сигурноста*
3. *Оспособување:*
   - *Лични компетенции (самодоверба, итн.), лично знаење:граѓански права, права на жените, социјално осигурување, итн. обука за примена*
4. *Стручна обука за учесниците:*
   - *фризерска професија, шминка, маникир, шиење и кроење*

   *Подигнување на свеста за целната група и проектот преку веб страната и јавни настапи на ТВ и радио*



*1. Обука за инструктори за работа и развој на методски материјали; 2. Фото сесија за курсот за шминкање; 3: ИТ курс*

## ГЛАВНИ АУТПУТИ/КРАЈНИ ПРОИЗВОДИ:

*1. Договори со членовите на персоналот, опис на процесот, рекламирање на проектот (на ТВ и радио станици)*
*2 .Подготвени инструктори за работа, персонал и волонтери*
*3. Учесници во програмата за стручна обука за инклузија*
*4. Веб страна, брошури и постери*
*5. Профили на работни места, индивидуални планови за образование, професионална ориентација*
*6. Сертификати за инструкторите за работа*
*7. Сертификати за завршена стручна обука за учесниците*
*8. Сертификати за учесниците кои успешно ја завршиле програмата*
*9 Акциски план со препораки за слични проекти*
*10.Брошура со прирачник за тоа како да се спроведе комбинирана програма за теренска работа и програма за стручна обука за инклузија за младите лица во неповолна положба во земјата (во изработка)*

## ГЛАВНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

1. *Обука на инструкторите за работа*
   - *Целна вредност: 6. Постигната вредност: 6*
2. *Број на заинтересирани учесници – NEET – како високо мотивирани учесници во текот на целата програма*
   - *Целна вредност:50 заинтересирани учесници.Постигната вредност: 45*
3. *Број на жени што се стекнале со сертификат (соодност жени/мажи)*
   - *Целна вредност:22 жени се стекнале со сертификат.Постигната вредност:32 жени*

# ОДРЖЛИВОСТ:

1. ***Контакт со компаниите за осигурување можно идно вработување***
2. ***Зајакнување на контактите со корисниците, локалните компании и заедницата***
3. ***Креирање прирачник за други заинтересирани организации или страни***

